На почетокот на учебната година училиштето ги информира родителите/старателите на учениците од шесто до деветто одделение за можноста за дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Тутор-волонтер е редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер. Училиштето нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти - тутори.

### 8.15 План на образовниот медијатор

На почетокот на учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува барање до Министерството за образование и наука. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците Роми.
За учебната 2022/23год. училиштето има испратено барање за образовни медијатори до координаторот на програмата за ромски образовни медијатори при МОН.

## 9.Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат исклучително важен дел од целината на воспитно-образовниот процес и придонесуваат ученикот да се развива во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.
За развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот.Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште, се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.
Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, развивање на активен ученички живот,

зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за подобар физички и интелектуален развој. Во рамките на воспитно -образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни вонннаставни активности.
При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја:
1. Личен и социјален развој;
2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство;
3. Уметничко изразување и култура
4.Претприемништво и финансиска писменост.
Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците.Истите се инклузивни и недискриминативни, привлечни се за повеќето ученици, обезбедуваат активно учество на учениците, развиваат интеркултурни компетенции кај учениците и ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.

Родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите  имаат учество  во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.
Во реализацијата на воннаставните активности освен родителите може да бидат вклучени и други припадници на локалната заедница како на индивидуално ниво, така и на ниво на институција (како, на пример, градинка, дом за згрижување стари лица, културен дом) или организација (како, на пример, невладина организација или друг вид здружение на граѓани).

Воннаставните активности според должината на времетраењето можат да бидат:
-краткотрајни воннаставни активности (излети и екскурзии; еднократни работилници и акции во училиштето или заедницата) и
-подолготрајни воннаставни активности (секции/клубови; проекти; гостувања на училиштето во рамки на проекти; кампови/школи; ученичко организрање во рамките на училиштето)
Воннаставните активности што се организираат во училиштето се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Сите ученици се насочуват и поттикнуваат да учествуваат во нив. Воннаставните активности придонесуваат учениците да развијат верување дека нивните способности не се дадени еднаш засекогаш и дека можат да се развиваат со труд и работа врз себе.
Програма за воннаставни активности е дадена во прилог бр 20

## 9.1 Училишни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови ( атлетика, карате, пинг-понг, шах).

Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје, општина Гази Баба  и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат

на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

Цели на училишниот спорт: правилен психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.
Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност,сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем. Овие цели се постигнуваат преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.
Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоени награди.

**Училишниот спортски клуб " Стив Наумов"** е основан на 29.09.2014година. Одговорни наставници на училишниот спортски клуб се Дарко Димитријевиќ и Виолета Радулова. Клубот опфаќа повеќе видови на спортови како на пример: одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и спорт по избор. Може да се вклучат деца од сите возрасти. Начинот на финасирење е: само финасирање (членарина), спонзорство, донации, локална самоуправа.

| План на активности | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Носители на активности** | **Начин на спроведување-ресурси** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Временска рамка** | **Потребен буџет** |
| **Спортска игра-Кошарка (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава ( 6 до 9 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година)<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од кошаркарската игра | Наставници по ФЗО<br><br>Дарко Димитријевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>Самофинансирање од страна на родителите |
| **Спортска игра-Одбојка (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт ) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците овој спорт и совладување на основни техники од одбојкарската игра | Наставници по ФЗО<br><br>Дарко Димитријевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>-Самофинансирање од страна на родителите |
| **Спортска игра-Ракомет (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава ( 6 до 9 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година)<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт ) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од ракометната игра | Наставници по ФЗО<br><br>Дарко Димитријевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>-Самофинансирање од страна на родителите |

## 9.2 Секции/Клубови

**Секции и слободни ученички активности**

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

-Слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;

-Секции за поддршка на други вонnаставни интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);

-Секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); и

-Културно-уметнички активности;

-Спортско-рекреативни секции

Во слободните активности за проширување/продлабочување на знаењата по одделни наставни предмети ќе работат следните секции: избор од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературна, драмска, рецитаторска, новинарска, ликовна, пеачка и дебатен клуб.

Во слободните спортски активности ќе работат спортските секции: ракомет, фудбал, одбојка, футсал, кошарка, пингпонг, шах.

Во училиштето се формираат секции за кои постојат услови и интерес кај учениците, а како резултат на тоа се организираат активности со натпреварувачки дух на ниво на: училиште, општина и регион.

Училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Врз основа на резултатите од анкетата (за интересот изразен од учениците/ родителите) училиштето ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на избраните секции.Изборот на наставниците се прави преку активите на наставниците и Наставничкиот совет, врз основа на распоредот на ангажираноста на секој одделен наставник во наставните активности(Во рамки на Законот за основно образование 2019 година, предвидени се 5 часа непосредна работа со ученици во воннаставни и други активности.)

Одговорните наставници (самостојно или со кореализаторите на активноста) прават планирање за секциите. Планирањето за секоја секција ги содржи следниве елементи: назив на секцијата, одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата, одделенија/возраст на учениците за кои е наменета секцијата и вкупен број на учесници во групата, тема/подрачје (со носечките содржини и активности) опфатени со секцијата, цели на секцијата (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста), временска рамка за реализација и број на часови посветени на секцијата, потребни просторни услови, неопходни дидактички средства и материјали/ресурси; и предвиден начин за следење на учеството на учениците.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

Задачите на слободните ученички активности се:

-Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците

-Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување

-Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски

-Да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност

-Да се влијае на создавање навики за правилно користење на слободното време.

Планирањето на слободните ученички активности иако е вклучено во Годишната програма за работа на училиштето, тековно се модификуваат и дополнуваат во договор со учениците, согласно нивните интереси, можности, вештини и способности. Во текот на наставната година сите дополнително произлезени секции се планираат и вклучуваат во анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.

| Слободни ученички активности –одделенска настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на секцијата** | Општи и конкретни цели | Име и презиме на наставникот | Потребни ресурси | Од кои паралелки се учениците | Вкупен број на ученици |
| **Математичка секција** | -да се прошируваат и продабочуваат знаењата по математика<br>-да се воведуваат во задачите кои бараат поголема самостојност за нивно извршување;<br>-да развива логичко и критичко мислење и изнаоѓање решенија на проблем | Лила Стојковска | Интерактивна игри, ИКТ, инерактивна табла, Нумерус, Збирка задачи по математика, интернет, Математички списанија и книги | III в | 8 |
| **Спортски активности (млади спортисти)** | - учениците да другаруваат<br>- да се рекреираат преку најразлични видови друштвени игри што се играат на голем отворен или затворен простор. | Марјан Трајковски<br>Бобан Величковски | топки во различна големина и од различен материјал, други предмети кои можат да послужат како реквизити за игрите( јажиња, обрачи,); спортски опрема (патики и тренерки) во лична сопственост на учениците. | III а III б III в<br>II а,II б,II в,II г | 89 |
| **Ликовна секција** | -да се одговори на потребите и интересите на учениците за разни активности<br>- да се поттикнува креативноста на учениците<br>-да ги искажува емоциите,мислењата и впечатоците од ликовните дела | Анета Младеновска<br>Тања Гигова<br>Елизабета Каранфиловска<br>Елена Боневска<br>Марина Јаковиќ | Креди во боја, блок, прибор за цртање, сликање,<br>моделирање,<br>компјутер, прожектор | III б<br>II а,II б,II в,II г | 37 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литерат урна секција** | - да се проширувааt и продабочуваат знаењата по македонски јазик<br>- да го развиваат талентот за пишување сопствени творби на литературен јазик и да го развиваат чувство за правилен говор | Славица Стојаноска | Компјутер, принтер, прожектор, списанија, учебници, книги од различни автори, интерактивна табла, детска литература, | IIIб | 4 |
| **Ритмичко –музичка секција** | -да се одговори на потребите и интересите на учениците за разни активности<br>-да развива чувство за ритам<br>- да ги памети,повторува и користи движењата во музичко ритмичките активности | Андријана Стефановска | Компјутер,цд плеер, интерактивна табла, проектор | III а | 10 |
| **Љубители на природата** | -да изработува производи од рециклиран материјал<br>-да се создаваат навики кај учениците за правилно ирационално користење на слободното време | Славица Стојаноска<br>Сузана Апостолова<br>Ивана С.Спасиќ<br>Елена Панева Марина Јаковиќ | Соодветни цвеќиња и садници, алат за поткопување,средства за полевање, ѓубриво | III б<br>II а, II б, II в II г | 18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Англиска секција** | -надградување на знаењата на учениците со културолошки, географски и историски информации поврзани со државите од англиското говорно подрачје;<br><br>-запознавање со примери од англиската литература;<br><br>-поттикнување критичко размислување и истражувачка работа | Анита Костадинова | компјутер, прожектор, интернет, стручна литература | II а, II б, II в II г | 22 |
| **Драмска секцијаа** | - Поттикнување желба за читање на драмски творби<br>- Развивање љубов кон драмските текстови<br>- Развивање на драмските способности на учениците<br>- Исполнување на слободното време на учениците | Марлена Најдовска<br><br>Тања Горгиева | Цд плеер,<br><br>Драмски текстови за деца,интернет | III а III в | 17 |

| Слободни ученички активности – предметна настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на секција** | **Општи и конкретни цели** | **Име и презиме на наставникот** | **Потребни ресурси** | **Од кои паралелки се учениците** | **Вкупен број на ученици** |
| Информатичка секција | - да се развива логичкото и критичкото мислење<br>- да се поттикне интересот за користење на нова технологија<br>- учениците да се запознаат со постапката на креирање програми | Владанка Михајловска | Компјутерски, интернет, микробит уреди, литература | 6а,6б,6в<br>7б,7в<br>8а,8б,8в,8г<br>9в | 13 |
| Еколошка секција | - развивање на еколошка свест за зачувување, одржување на природата и заштита на околината<br>- континуирано поттикнување на учениците за одбележување и вклучување во еколошките збиднувања и акции во текот на целата година<br>- подигнување на квалитетот на живеење и зачувување на сопственото здравје | Даниела Денковска | Соодветен алат за работа, средства за лична заштита. компјутер, хартија | 6а,6б<br>7б<br>8б<br>9в | 9 |
| Рецитаторска секција | - развивање љубов кон доживеаното рецитирање<br>- поттикнување интерес за следење на културни манифестации развивање и поттикнување на творечкиот потенцијал. | Магдалена Јанковска | збирки поезија; дополнителна литература; пано; декоративен материјал итн. | 6а,6в,6г<br>7а<br>8а,8в<br>9а,9в | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Англиска секција | - надградување на знаењата на учениците со културолошки, географски и историски информации поврзани со државите од англиското говорно подрачје;<br>- запознавање со примери од англиската литература;<br>- поттикнување критичко размислување и истражувачка работа. | Татјана Арсова<br>Благица Блажеска<br>Јосиф Шапкалиевски | компјутер, проектор, интернет, стручна литература | 6б,6в,6г<br>7а,7б,7в<br>8а,8в,8г<br>9а,9в | 26 |

**Слободни ученички активности – предметна настава**

| Име на секција | Општи и конкретни цели | Име и презиме на наставникот | Потребни ресурси | Од кои паралелки се учениците | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| Физика | - Развивање на чувството за негување и почит спрема природните науки особено Физиката;<br>- Препознвање на ученици кои имаат афинитет за проучување на природните науки - Физика;<br>- Негувањето и развивањето на таленти што ќе придонесе за развивање на логичното мислење кај учениците во нивното живеење и понатамошниот развој на нивната идна кариера и професија;<br>- Усовршувањето на нивните афинитети за Физиката и за нивно дополнително мотивирање со поттикнување за учество на натпревари за постигнување резултати на полето на истражувањето од областа на Физиката. | Билјана Ристоска | Соодветна литература збирки книги енциклопедии, компјутер, хартија, збирка на нагледни средства | 6б<br><br>8в | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовна секција | - Да се запозне со карактеристиките на ликовните подрачја од ликовната уметност<br>Цртање, Сликање, Графика, Скулптура, Дизајни , бизуелни комуникации.<br>- Да го употребува ликовниот јазик во претставување на сопствени мисли, емоции, сознанија и фантазија.<br>- Да го сфати значењето на ликовните дела од националното културно наследство, да го негува и почитува, | Емилија Божиновска | Блок ,темперни бои,четки, колаж хартија,сув пастел, глина, компјутер, дигитална фотографија и други нетипични цртачи материјали. | 6а,6б,6в.6г<br>7а,7б<br>8б,8в<br>9а,9в | 26 |
| | -Да ја развива еколошка свест и критичко мислење  преку исражување и изработка на ликовни творби со еколошка содржина, | | | | |
| Етичка секција | - да се запознава со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот<br>- да ги открива и да ги почитува етичките односи меѓу луѓето;<br>- да се запознава со универзалните етички вредности; | Лилјана Стефановска | Етички речник, етички текстови, списанија, посебни публикации и сл.; Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери. | 6г<br>7а | 2 |
| Секција по граѓанско образовани | - да се гради сопствениот идентитет и критички да се однесува кон различните влијанија врз формирањето на мислењето и однесувањето;<br><br>- да се прифаќааат вредностите на демократското општество и својата улога во граѓанското општество. | Лилјана Стефановска | Енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, интернет, популарни илустрирани образовни софтвери. | 9в | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Драмска секција | - развивање интерес за драмата и нејзината двојна природа (да се чита и изведува на сцена)<br>- поттикнување и негува љубов кон доживеаното читање односно драматизација на текстови<br>- следење и учество на јавни настапи | Олга Добревска | Драми од македонски и странски автори,компјутер, интернет | 6а,6б.6в,6г<br>7а,7б.7в<br>8а,8в,8г<br>9в | 36 |
| Спортска секција | Развој на глобалната моторика со посебно влијание на развојот на мускулите и кардио-васкуларниот систем. | Виолета Радулова<br>Дарко Димитријевиќ | Ракомет: спортски терен, топки, голови и сталки<br><br>Кошарка:спортски терен,кошеви и топки<br><br>Одбојка: спортски терен, мрежа и топки | 6а,6б,6в<br>7а,7б,7в<br>8б,8в,8г<br>9б<br><br>6а,6б,6в,6г<br>7а,7б<br>8б,8в,8г<br>9а,9б,9в<br><br>6а,6б,6в,6г<br>7а,7б,7в<br>8б,8в,8г<br>9а,9б,9в | 20<br><br>40<br><br>30 |
| Географска секција | - Продлабочување на знаењата и видиците кај учениците и задоволување на интересите за одредени области, градови, држави и др.<br>- Развивање на креативни способности и нивна реализаија во соработка со наставникот.<br>- Развивање интерес за настаните на современиот свет и во нашата земја,кои ја актуелизираат географската стварност. | Марина Грамова | Компјутери со интернет конекција, географски едубунту апликации, енциклопедии, географски карти, паноа, хамери. | 6б,6г<br><br>9в | 6 |
| Географска секција | - Продлабочување на знаењето и видиците кај учениците<br>- Формирање на географско мислење и географска логика кај учениците<br>- Задоволување на интересите за одредени области, држави, градови и др. | Анета Серафимова-Николовска | Компјутери со интернет конекција, географски едубунту апликации, енциклопедии, географски карти, хамери | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Математичка секција | - проширени и продлабочени знаења стекнати од редовната настава<br>- развиено логичко и критичко размислување преку самостојно решавање на задачи<br>- подигнат квалитет на математичко знаење | Даниела Моневска<br>Олгица Ристовска | Збирка со задачи, математички списанија, компјутер, интернет | 6а.6б,6в,6г<br>7а,7б<br>8б,8в<br>9б,9в | 23 |
| Француска секција | - здобивање со дополнителни знаења надвор од редовната настава<br>-подигнување на свеста за разноликоста на културите<br>- поттикнување критичко размислување и истражувачка работа | Софија Петроска | -компјутер, проектор, интернет, стручна литература | 6б<br>7а,7б<br>9а | 8 |
| Литературна секција | - кај учениците се развиваат индивидуални креативни способности,<br>- ја збогатуваат својата литературно - јазична култура,<br>- ги применуваат знаењата во секојдневниот живот и ги насочува да размислуваат,<br>- да донесуваат сопствени заклучоци и суд за вредноста на литературните творби | Славјанка Николова | - литературни дела;<br>- енциклопедии;<br>- правопис;<br>- аудитивни и визуелни средства во зависност од потребата;<br>- списанија;<br>- интернет, образовни софтвери;<br>- електронски и печатени медиуми. | 6а,6в<br>7б.7в<br>8в<br>9а,9в | 10 |
| Пејачка Секција | да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет | Благица Јованова | Компјутер, проектор, музички систем, звучници, музички спотови и видеа | 6б,6г<br>7б,7в<br>8в<br>9б | 7 |
| Биолошка секција | - да ја разберат улогата на живите организми во заштита на животната средина<br>- да вршат истражување за улогата на човекот во биосферата | Славица Стефановска<br>Даниела Денковска | компјутер, стручна литература, разновиден технички материјал според потребите, микроскоп | 6в<br>7а<br>9б | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќајна секција | - да ги разликува деловите на велосипедот<br>-да знае да вози велосипед<br>-да ги познава сообраќајни правила и прописи<br>-да знае да решава тестови | Донка Николовска | - велосипед<br>- компјутер<br>- тестови од сообраќај | 6а,6г<br>7в<br>9б,9в | 5 |
| Историска секција | - Да се развива логичкото и критичкото мислење.<br>- Продлабочување на знаењата и видиците кај учениците и задоволување на интересите за одредени историски настани.<br>- Развивање на креативни способности и нивна реализаија во соработка со наставникот.<br>- Развивање интерес за историските настани на современиот свет и во нашата земја. | Александар Каровски<br>Тоше Трајковски | Компјутери со интернет конекција, историски едубунту апликации, енциклопедии, историскиски карти, паноа, хамери. | 6б.6в<br>7б<br>8в<br>9б,9в | 6 |
| Секција Германски јазик | | Тереза Миновска<br>Моника Митревска | | 6а.6б,6в,6г<br>7а<br>9в | 15 |
| Библиотекарска секција | | Мери Младеновска | | 6а,6в<br>7а | 5 |

### 9.3 Акции

Акциите се воннаставни активности кои се општествено значајни и хумани и во нив активно учество земаат учениците, наставниците, родителите и поширокатa заедница. Акциите имаат за цел да развијат чувство на солидарност и хуманост, демократски вредности, позитивен однос кон работата, чувство на одговорност, подигнување на еколошката свест и зачувување на животната околина.

**План на еколошки акции**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Усвојување на програмата** | Презентација на Наставнички совет и нивно усвојување | Координатор, Директорот на училиштето | Август 2022 |
| **Подготовка на Програмата за работа** | Идентификување и почитување на задачите и активностите коиможат да се реализираат во животната средина и прилагодат кон нашето училиште, со цел подобрување на условите за еколошки развој | Еко одбор – ученици,претстав ник од бизнис заедница | Јуни – Август 2022 |
| **Редовени состаноци со Еко одборот и увид во тековните активности и акции** | Заштеда на ресурси: вода, струја идр.<br>Естетско разубавување на околината на училиштето и во самото училиште<br>Успешно реализирање на сите еко активности и изготвување на извештаи од истите | Ученици и сите вработени | Во текот на целата учебна година |
| **Замена на прозорци во дел од училниците и сите ходници** | Заштеда на топлинска енергија<br>Подобрување на амбиентот во училниците и нивна звучна и термична изоација | Директор,хаус мајстор, стручни лица | Септември –мај 2022/2023 |
| **Редовно обновување и одржување на еко катче** | Видно место во училишното фоаје<br>Каде посетителите можат да ги видат активностите на училштето | Наставници, ученици,координа тор | Во текот на целата учебна година 2022/23 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма** | Реализирање на точки на акција од четирите еко стандарди во  редовната настава по сите предмети во текот на учебната година | Директор, координатор,нас-тавници,ученици | Август – Септември 2022 |
| **Изготвување на план за следење на евалуацијата на активности од еколошката програма** | Континуирано следење на активностите предвидени со планот од еколошката програма | Директор, координатор,<br>Еко одбор | Август 2022 |
| **Хортикултурно уредување на двор** | Разубавување на училшнит двор<br>Естетско уредување на училишниот двор | Ученици, Еко одбор, сите вработени, надворешни соработници | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано собирање на пластични шишиња**<br>**Организирано собирање на електронсски отпад**<br>**Организирано собирање на потрошени батерии** | Одржување на училишната зграда и здрава средина воучилиштето и надвор од него<br>Зголемување на еко свеста кај учениците и развивање на здрави навики | Ученици, Еко одбор, хаусмајстор | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано собирање на пластични капачиња** | Поттикнување на учениците да делуваат и хумано и да ја исчистат својата околина од пластични капачиња | Ученици, Еко одбор, хаусмајстор | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано уредување на еко-градина во еко –коцка (засебен дел од училишниот двор)** | Да се поттикнат учениците сами да го осмислат организираат и засадат екокатчето –еко градина | Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители, | Во текот на целата учебна година |
| **Одбележување на значајни датуми од областа на екологијата** | Да се одбележат значајните датуми од од оваа област кои се<br>календарски застапени во периодот од септември до јуни, а посебно | Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите | Во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 16. септември - светски ден за заштита на озонската обвивка<br>22. септември - европски ден без автомобили<br>26. септември - светски ден за чисти планини<br>8. октомври –меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата<br>15. октомври – меѓународен ден на пешаците<br>16. октомври – меѓународен ден на храната<br>5. март –светски ден за заштеда на енергија<br>22. март - светски ден за заштита на водата<br>22. април - Ден на планетата Земја<br>15. мај - Интернационален ден на акција за клима<br>31. мај –светски ден против пушењето<br>05. јуни - светски ден за заштита на животната средина<br>Да се обезбедат пригодни презентации, предавања, изложби..... | вработени,<br>родители, медиуми, локална самоуправа.... | |
| **Редовно информирање за еко активностите на веб страната на училиштето и запознавање со резултатите** | Одржување на училишната веб страна и збогатување со нови информации и фотографии | Ученици, Еко одбор,Еко координатор | Во текот на целата учебна година |
| **Соработка со фирми (колетивни постапувачи за пластичен и електронски отпад и батерии) и медиуми** | Организирани акции за подигање на еко свест<br>Медумско презентирање на постигнатите резултати како позитивен пример за останатите врсници | Еко одбор, Еколошката секција,донатори, локална самоуправа, медиуми | Во текот на целата учебна 2022/23 година |
| **Анализа на состојбата на од одбрани теми (1-9)** | Добивање јасна слика за еколошката состојба на целото училиште иодредување на приоритети на Еко одбор | - Вработени,<br>ученици | Во текот на целата учебна 2022/23 година |

Тим за следење на акциите: членовите на ЕКО одборот, претставник од Советот на родители

**План за организирање базари, хепенинзи**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Организирање на новогодишен хепенинг** | Учество на организирани настани и манифестации | Наставниците, учениците од I-IX одд, родителите | декември |
| **Организирање на велигденски базар** | Учество на организирани настани и манифестации | Наставниците, учениците од I-IX одд,родителиотте | април |

**План за организирање хуманитарни акции**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Одбележување на „Неделата на борба против гладта“** | Организирање на собирна акција) во училиштето<br>Продажба на вредносни купони во соработка со ООЦК„Гази Баба“ | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници Членови на ПЦК Претставници од Црвен Крст на Скопје и ООЦК Гази Баба | Октомври |
| **Собирање на храна и облека** | Организирано собирање на облека и храна и донирање на социо-ранливите семејства | Членови на ПЦК,ученици,наставници,родители | Во текот на годината |
| **Посета на дом за стари лица** | Зголемување на свеста за социјална инклузија, грижа и поддршка на старите лица | Тим за поддршка<br>Членови на ПЦК | Април |
| **Одбележување на Денот на крводарителството во** | Градење на позитивен став кај учениците кон крводарителството | Членови на ПЦК | 17 март |

Тим за следење на акциите: Билјана Теовска, претставник од Советот на родители

**План за организирање иницијативи**

| АКТИВНОСТ | ОПИС НА АКТИВНОСТА | НОСИТЕЛ | ВРЕМА НА РЕАЛИЗЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Ученичка иницијатива за поттикнување ненасилна комуникација, врсничко посредување и разрешување конфликти** | -Спроведување анкетен прашалник за прибирање податоци за појави на насилно однесување во училиштето<br>-Организирање предавања и работилници со ученици<br>-Организирање форум театар<br>-Изработка на постери, флаери со едукативни содржини и пораки<br>- Промоција на спроведените активности | Тим од ученици<br>Ученички парламент<br>Ученик правобранител<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Септември-декември |
| **Ученичка иницијатива за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства** | -Изработка на постери, флаери за Кампањата за борба против гладта<br>-Поставување штандови за донирање прехрамбени производи<br>-Селектирање на прехрамбените производи и подготвија пакети<br>-Донирање на пакетите на учениците од нашето училиште и нивните семејства кои во моментов имаат потреба од помош и поддршка<br>-Промоција на иницијативата во локалната средина | Тим од ученици<br>Ученички парламент<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Септември-декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученичка иницијатива за естетско уредување на училиштето со еко изработки** | - Поттикнување на учениците за собирање идеи за естетско уредување на училиштето<br>-Изработка на постер и флаер за иницијативата<br>-Избор на материјали и изработка на еко творби<br>-Еко конкурс<br>-Еко изложба<br>-Промовирање на ученичката иницијатива | Ученички парламент<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Тим за естетско уредување на училиштето<br>Наставници<br>Родители | Септември-декември |

Тим за следење на акциите: директор, педагог, дефектолог

## 10.Ученичко организирање и учество

*Заедницата на паралелката* ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Демократската процедура за избор на претседател и заменик претседател на паралелката се спроведува во текот на месец септември на одделенските часови.Најнапред пријавените кандидати кои треба да ги задоволуваат критеримите за избор ,доставуваат пријава, мотивационо писмо и листа со потписи за поддршка. Изборот се врши преку тајно гласање, за избран претседател се смета кандидадот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на ученици од паралелката, а за заменик претседател следниот кандидат со најголем број на гласови.

Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката ,се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на : прослави и манифестации, екскурзии...еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.

Заедниците на паралелките се состануваат минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот.

Програма за работа на заедницата на паралелката е дадена во прилог бр.15

Во нашето училиште *Ученичкиот парламент* активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од II -IX одделение. Активностите на УП се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, стручната служба и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО). Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, есетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичката заедница на училиштето.

Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Програма за работа на Ученичкиот парламент е дадена во прилог бр.16

*Ученички правобранител* е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Работата на ученички правобранител ја поддржуваат (најмалку) двајца негови заменици. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици е составена од две примарни компоненти:

1.Промовирање на детските права.

Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфоденови итн.). Ученичкиот правобранител и неговите заменици во текот на учебната година организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Ученичкиот

правобранител подготвува извештаи (полугодишен и годишен) во кои ќе ги сумира поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците.

2. Поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.
Ученичкиот правобранител е задолжен да го препознае прекршувањето на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање. Ученичкиот правобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор.
Ученичкиот правобранител во текот на учебната година одржува редовни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученичкиот правобранител учествува во работата на Ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Програма за работа на ученичкиот правобранител е дадена во прилог бр. 17

## План за работа на ученичкиот Парламент

| Задачи | Активности | Очекувани резултати/исход | Месец на реализација | Носители на активноста |
|---|---|---|---|---|
| **Формирање ученички тела** | Избор на претседател и заменик претседател во паралелките<br><br>Избор на членови во постојани и повремени тела | Избрано раководство на паралелката (демократско учество на учениците)<br><br>Формирани повремени и постојани тела | септември | Одделенски/класен раководител, ученици |
| **Дефинирање на обврските на учениците во ученичките тела** | Задавање задолженија на членовите на ученичките тела | Изготвен протокол за работа на ученичките тела | септември | Одделенски/класен раководител, ученици |
| **Формирање и функционирање на Ученичкиот парламент** | Дефинирање на улогата и одговорностите на УП | Прифатени одговорности и задачи | септември | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Покренување ученичка иницијатива за разрешување на постоечките проблеми во училиштето** | Развивање на чувство на одговорност преку заедничко учество во решавање на постоечките проблеми | Разрешени постоечки проблеми во училиштето | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители тим од ученици |
| **Формирање клуб за учење и дружење** | Опремување и уредување на просторијата на клубот за учење и дружење | Опремен и уреден клуб за учење и дружење<br><br>Развиена соработка | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Промовирање на врсничката соработка и поддршка преку вoннаставни активности | и врсничка поддршка | | тим од ученици |
| **Покренување иницијатива за поддршка на соучениците од ромска етничка заедница** | Изготвување предлог иницијатива до градоначалникот за поддршка на учениците од ромската заедница врз основа на добиените согледувања и заклучоци | Поддршка на учениците од ромска заедница | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители, тим од ученици |
| **Раководство на УП (избор на членови во Совет на родители и Наставнички совет)** | Избор на раководството на УП | Развивиена објективност и колективност | октомври | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Избор на Ученички правобранител** | Дефинирање на задачите и обврските на Ученичкиот правобранител | Изработка на план за работа на Ученичкиот правобранител | октомври | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Хуманитарна акција по повод 16 Октомври „Денот на гладта“** | Акција за собирање храна | Развиена  свест кај учениците за проблемот со гладта и помагање на социјално загрозени семјства | октомври | Дефектолог Билјана Теовска, наставници, ученици |
| **Одбележување на  Денот на училиштето** | Свечена приредба | Развиено чувство за организација и | октомври | Наставници, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | учество<br><br>Почит кон делото на борците | | |
| **Предавање на тема: Стилови на учење** | Оспособување на учениците за препознавање на сопствениот стил на учење<br><br>Подобрување на успехот на учениците | Подобрен успех на учениците | октомври | Стручни соработници, ученици |
| **Предавање на тема: Врсничка поддршка и соработка** | Подигање на свеста за прифаќање на различностите<br><br>Подобрување на постигањата кај сите ученици<br><br>Поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и училницата | Развиена свест за различностите<br><br>Повисоки постигања кај сите ученици<br><br>Унапредена инклузивна клима во училиштето и училницата | ноември | Стручни соработници: педагог и дефектолог |
| **Одбележување на 20 Ноември-„Светски ден на детето“** | Работилница за детските права | Почитување на детските права | ноември | Наставници, ученици |
| **Новогодишна магија во училиштето** | Украсување на училиштето | Развиена соработка и комуникација помеѓу учениците и | декември | Наставници, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | наставниците<br><br>Развиена креативност кај учениците | | |
| **Анализа на постигнатиот полугодишен успех во прво полугодие и запознавање со педагошките мерки** | Разгледување на полугодишните извештаи за постигнатиот успех<br><br>Презентација за педагошите мерки | Зголемена мотивација кај учениците за постигнување подобар успех во второ полугодие | јануари | Одговорни наставници, стручни соработници, ученици |
| **Одбележување на 8 Март- „Меѓународниот ден на жената“** | Литературно читање<br><br>Ликовна изложба | Согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството<br><br>Искажана љубов и благодарноста кон мајката | март | Наставници, ученици |
| **Посета на Ботаничка градина** | Запознавање со различните видови растенија кои живеат на едно место | Стекнати знаења за различните видови растенија кои живеат на едно место | март | Наставници, ученици, родители |
| **Одбележување на 21 Март- „Денот на пролетта и екологијата“** | Подигнување на свеста за заштита на околината | Подигната свест за чување и заштита на околината | март | Наставници и ученици, родители |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на 22 Април- „Денот на планетата Земја“** | Создавање свесност, одговорност и работни навики за заштита на планетата Земја | Подигната свест, создадени одговорности и навики за заштита на планетата Земја | април | Наставници и ученици |
| **Одбележување на 23 Април- „Светскиот ден на книгата“** | Развивање љубов кон книгата | Развиена желба за читање и творење | април | Наставници, библиотекар, ученици |
| **Реализирање спортски натпревари во рамките на училиштето** | Меѓуодделенски натпревари | Развиен интерес кон спортот, развиен натпреварувачки дух и другарството | мај | Наставник по физичко и здравствено образование Виолета Радулова, ученици |
| **Поднесување извештај од работата на УП** | Презентирање на спроведените активности | Согледани резултати од работата на УП | јуни | Одговорни наставници, ученици |

Одговорни наставници:
Благица Илијевска- одделенски наставник
Софија Петроска – наставник по француски јазик

## 11.Вонучилишни активности

### ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/23 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот, развивање интерес за природата и градење еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Во текот на учебната година за сите ученици до завршното одделение ќе бидат организирани еднодневни излети (есенски или пролетен), еднодневна наставно-научна екскурзија со учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI одделение и тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од деветто (завршно) одделение

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Октомври (I-IXодд.) | Св.Пантелејмон, Горно Нерези | Да овозможи одмор и рекреација на децата |
| Еднодневна екскурзија | мај III одд. | Кратово | Развивање другарство и социјализација на учениците; Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби; Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на РС Македонија. |
| Дводневна екскурзија | мај VI одд. | источна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Тридневна екскурзија | мај IX одд. | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Еднодневен пролетен излет | мај (I - IXодд.) | Лешочки манастир „Св.Атанасиј“ | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест. |
| Настава во природа | април или мај (V одд.) | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другаство и еколошка свест. |

Екскурзија е форма на воспитно - образовна работа со која на организиран начин се проширувaaт општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и

културно историските знаменитости на РС Македонија, традицијата и обичаите. Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

## Програма за настава во природа во Охрид - за учениците од петто одделение

***Време на реализација: пет дена во април или мај***
***Место на одржување: Охрид***

**Воспитно - образовни цели на наставата во природа:**

- Оспособување за самостојно изразување и творење.
- Развој на креативно мислење и љубопитност.
- Развивање навики за самостојно и групно решавање на задачи.
- Повторување на изучениот материјал за мерки и нивна примена во секојдневниот живот.
- Стекнување на знаења, способности и умеења за правилна интерпретација на народните песни.
- Да стекнат знаења за ритмичка изведба на народните ора.
- Проширување на знаењата за вештачко езеро, природни езера, извори.
- Да се потикнува развојот на самостојноста кај учениците и грижата за себе.
- Стекнатите знаења во училницата да се применат во конкретни ситуации на терен.
- Учениците да се активен дел од процес на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на реката Вардар, Радика...
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со хидроцентралите и вештачките езера.
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со релјефот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошки ископини.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро.
- Да се запознат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- Позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

*Локации за посета и правци на патување*

**Прв ден:**

- Поаѓање од Скопје 8:00 часот до Охрид ќе се поминува од:
- Прилеп (посета на Горен град и Маркови кули).
- Битола (посета на Хераклеа).
- Пристигнување во Охрид (сместување во хотел, вечера и ноќевање).

**Втор ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Разгледување и цртање на езерото од 9:00 до 10:00 часот.
- Одредување на површина на предмети и делови од природата од 10:00 до11:00 часот.
- Скокови во далечина од 11:00 до 12:00 часот.
- Ручек во 13:00 часот.
- Истражување: животински свет во водата и покрај водата 16:00 до17:00 часот.
- Пишување на извештај од истражувањето од 17:00 до17:30 часот.
- Повторување за нашето минато 17:35 до 18:10 часот.
- Вечера во 19:00 часот.

**Трет ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Посета на Охрид.
- Разгледување на Плаошник и Самоилова тврдина.
- Цртање на манастирот.
- Ручек во14:00 часот.
- Одредување на површина на предмети и делови од природата.
- Скокови во далечина.
- Истражување: животински свет во водата и покрај водата.
- Повторување за нашето минато.
- Вечера во 19:00 часот.

**Четврти ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Разгледување на релјефот на Охридското Езеро од 9:00 до10:00 часот.
- Писмена вежба: ,,Опис на езерото“ од 10:00 до 11:00 часот.
- Посета на Природнонаучен музеј во Струга од 11:30 до 13:00 часот.
- Ручек во 14:00 часот.
- Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј од 16:00 до17:00 часот.
- Вечера во 19:00 часот.
- Учество во натпревар ,,Златен глас“.

**Враќање:**

Појадок во 8:00 часот и посета на:
Вевчани - Вевчански извори.
Поаѓање од Охрид пропратно со посета на градовите:
Дебар - ХЕЦ Шпиље, манастирот Бигорски.
Гостивар изворот на реката Вардар „Вруток“.
Враќање во Скопје.

*Содржини и опис на активности*

**Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа**

***Македонски јазик***

1. Изразување и творење - Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината.
2. Истражувачка активност за Маркови кули.
3. Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно - историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.).
4. Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј.
5. Обработка на песна „Убаво е во Мај“.

***Математика***

1. Мерки - повторување.
2. Одредување на површина на предмети и делови од природата.
3. Плоштина и периметар.
4. Работа со податоци.
5. Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци).

***Општество***

1. Повторување за културно наследство на РС Македонија.
2. Квиз:Колку ја познавам РС Македонија.

***Музичко образование***

1. Нарони ора и песни.
2. Утврдување на темата фолклор „ Јас те пратив на вода Калино“.

***Ликовно образование***

1. Разгледување и сликање на езерото.
2. Ликовно изразување по доживување - слободна техника.

***Физичко и здравствено образование***

1. Натпревар - народна топка.
2. Фудбал, ракомет.
3. Елементарни игри.

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа ќе има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија.

За учениците со посебни образовни потреби, наставата во природа се организира со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

***Носители на активностите:***

1. Слободанка Басотова
2. Марија Лефковска
3. Маја Питроповска
4. Розета Филькова

***Раководител на наставата во природа:*** **Слободанка Басотова**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација***:

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето**.

**Програма за еднодневен есенски и пролетен излет**
**за учениците од прво до деветто одделение**

***Време на реализација: еден ден во октомври и мај***
***Место на одржување: Св.Пантелејмон, Горно Нерези и Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.***

**Воспитно - образовни цели:**

- Учениците да се запознаат со историјата на манастирот.
- Запознавање со поимите фреска и икона.
- Запознавање за различните легенди и преданија за манастирот.
- Запознавње (нагледно) со видовите населби и градби.
- Учениците да стекнат позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Учениците да имаат интерес за природата и градење еколошки навики.
- Развивање на правилно држење на телото;
- Рекреација и развивање на спортски дух.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**

- Поаѓање од училиште во 9:00 часот.
- Пристигање, разгледување, набљудување и запознавање со манастирот.
- Разговор со кустоси, граѓани, свештени лица и објаснување за историјата, градбата и живописот.
- Фотографирање на објектите и предметите во околината.
- Организирање на мини турнир во фудбал, одбојка и разни активности со реквизити.
- Враќање во училиште 14:00 часот.

***Носители на активностите:*** **Одделенски раководители**

***Раководител на еднодневниот излет:*** **Дарко Димитријевиќ**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација***:
- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на еднодневниот излет училиштето организира настава.**

**Програма за еднодневна екскурзија**
**за учениците од трето одделение**

***Време на реализација: еден ден во мај***
***Место на одржување: Кратово „Големо градиште“- с.Коњух.***

**Воспитно - образовни цели:**
- Учениците да стекнат знаења за местоположбата на Големо градиште.
- Да стекнат знаења за историјата на с. Коњух.
- Изразно опишување на настаните - традициите од Големо градиште с. Коњух.
- Учениците да се запознат со значењето на градбите, мостовите, црквите и манастирите и локалитетите во источниот дел на Македонија.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, градби и легенди.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Источна Македонија.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Рекреација и развивање на дух за зачувување и негување на старите градби, пренесување на обичаи и легенди.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**
- Поаѓање во 8 часот пред училиште.
- Попатно разгледување на одликите на источна Македонија.
- Посета на Кратово со запознавање на одликите и историското минато, традиции и обичаи на градот, легенда и опејување во народното музичко творештво.
- Посета на „Големо градиште“ с. Коњух на учениците им се дава објаснување за местоположбата, историјата, ископини и пронајдоци.
- Враќање во 16 часот

***Носители на активностите:***
1. Марлена Најдовска
2. Андријана Стефановска
3. Славица Стојаноска
4. Анета Младеновска

5. Тања Горгиева
6. Лила Стојковска

***Раководител на еднодневниот излет:*** **Андријана Стефановска**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на еднодневниот излет училиштето организира настава.**

**Програма за дводневна екскурзија**
**за учениците од шесто оделение - источна Република Северна Македонија**

***Време на реализација: два дена во мај***
***Место на одржување: Источниот дел на РС Македонија (Струмица)***

**Воспитно - образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на татковината и развивање љубов.
- Развивање на еколошка свест за заштита на животната средина.
- Поттикнување на способноста за опишување на она што е во нивна непосредна околина.
- Проширување на знаењата за хронолошко и ретроспективно раскажување.
- Проширување на знаењата и пишување на извештај по одделна посета.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Република Северна Македонија и процес на производство.
- Учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните, индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат.
- Учениците да имаат чувство за одговорност и дисциплина.
- Учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме.
- Да имаат позитивен пристап во комуникациите и подобри меѓусебни односи.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**
**Прв ден:**

- Поаѓање од пред училиштето во 8:00 часот и посета на:
- Велес: посета на Спомен костурница
- Велес: посета на Спомен куќата на Кочо Рацин

- Неготино: посета на ТЕЦ Неготино
- Кавадарци: посета на  Стоби
- Се продолжува кон Струмица.
- Пристигнување во Струмица¸сместување во хотел, вечера, прошетка и ноќевање.

**Втор ден:**

- 8:00 часот - појадок во хотелот.
- Посета на манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица'' - Елеуса и манастирот ,,Свети Леонтиј''- Водоча.
- Враќање во хотел на ручек и мал одмор.
- 13:00часот - ручек во хотелот.
- Поаѓање за Дојран
- Разгледување на Дојранско Езеро
- Поаѓање за Скопје

**Враќање:** со пристигнување во 18:00 часот.

***Носители на активностите***:

1. Тоше Трајковски
2. Владанка Михајловска
3. Даниела Моневска
4. Лилјана Трајкова

***Раководител на дводневна екскурзија:*** **Тоше Трајковски**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација***:

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на   сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на дводневната екскурзија училиштето организира настава.**

.

**Програма за тродневна екскурзија**
**за учениците од деветто одделение - западна РС Македонија**

***Време на реализација***: ***три дена во мај***
***Место на одржување***: ***Западниот дел на РС Македонија (Охрид)***

**Воспитно - образовни цели:**

- Запознавање на учениците со појавите и односите во непосредната општествена средина, кои ги проучуваат во училиштето.

- Запознавање и развивање на културното наследство и стопанските постигнувања.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Рекреативно-здравствено воздигнување на учениците.
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања.
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**
**Прв ден:**

- Патување од Скопје до Охрид поаѓање во 8:00 часот со посета на:
- Тетово - Лешочки манастир „Св.Атанасија“.
- Гостивар - изворот на реката Вардар „Врутоk“.
- Кичево - манастирот „ Св. Богородица - Пречиста“.
- Пристигнување во Охрид во 18:00 часот (сместување, вечера и ноќевање).

**Втор ден:**

- 8: 00 часот -појадок.
- 9: 00 часот - посета на Билјанини извори и манастирот „ Св. Наум Охридски“.
- 14:00 часот - ручек
- 15:00 часот - посета на црквата „Св. Софија“, „Св.Јован Богослов-Канео “, Самоилова тврдина, Антички театар.
- 19:00 часот – вечера

**Трет ден:**

- 8:00 часот - појадок.
- 10:00 часот -13:00 часот посета на Природнонаучниот музеј –Струга
- 14:00 часот - ручек.
- Тргнување за Скопје со попратна посет на Вевчани (Вевчански извор) и посета на Бигорски манастир.

**Враќање:** со пристигнување во 18:00 часот

***Носители на активностите***:

1. Благица Јованова
2. Александар Каровски
3. Благица Блажевска
4. Виолета Радулова

***Раководител на тродневна екскурзија:*** **Александар Каровски**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација***:

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, здравствено лице.
- превозникот доставува доказ - записник за извршен вонреден технички преглед на возилото, не постар од 6 месеци.
- лекарско уверение за возачот не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел во период од 12 часа пред патувањето.
- директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред започнување на патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и на вработените кои учествуваат во изведување на екскурзија им издава патен налог за службено патување.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

на сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори на училиштето, донации, спонзорства или други извори.

**За учениците кои не учествуваат на тродневната екскурзија училиштето организира настава**.

***Стручен тим за подготвување на екскурзии:***

Гордана Мацкова
Елена Боневска
Виолета Радулова
Дарко Димитријевиќ

## 11.2 Податоци за учениците вклучени во воннаставни активности

**- Одделенска настава -**

| **Ученици вклучени во вонучилишни активности** | **одделение** | **Вкупен број на ученици** |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 Vв 1 Vг 1 IIIб | 3 |
| 2. Балетско училиште | 1 VIб 1 IIб 1 IVб 1 IVa 2 II в 4 IIб<br>1 IIa 2 VIa | 13 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 Vб 5 Vв 1 Vг 2 IIIб 1 IIIa 6 IVб<br>5 IV а 3 IIб 3 IIa<br>3 IIIв | 31 |
| 4. Фудбал | 1 III г 5 Vб 1 Vв<br>1 VIa 1 VIa | 9 |
| 5. Училиште за танц | 1 IIб 1IIa 1 IIIб 2 III а 1 I в 2 Iб<br>4 Ia 1 II г V | 13 |
| 6. Пливање | 1 III г 8 Vб 2 Vв 1 Va 3 Vг 6 IIб<br>1 IIIa 2 IVб 1 IVa<br>1 II в 5 IIб 1 IIa<br>4 VIa 1 IIIв | 35 |
| 7. Играорна | 1 III г 3 Vб 5 Vв 3 Va 1 IIIб 1 IIIa<br>3 VIa<br>3 IVб 3 IIб 1 IIa<br><br>3 VIг 1 IIIв | 28 |
| 8. Гимнастика | 2 Vб 1 Va 1 IIIб<br>1 IV а 1 VIa 1 IIIв | 7 |
| 9. Јавање | 1 II в | 1 |
| 10. Тенис | 2 Vб 1 IVб 1 IIб 1 IIa 1 VIг 1 VIa 1 III г 1 IIIв | 9 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 2 IIIг 2 Vб 1 Vв<br>1 Va 1 IVб 1IVa<br>1 II в 1 VIa 1 IIIв | 11 |
| 12. Шах | 1 III г | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. Пеење / хор | 1 IIa | 1 |
| 14. Глума | 2 Vб 2 Va 1 IIIб 1 IVб 1 IIa 1 IIIв | 8 |
| 15.Ракометен клуб | 1 III г 3 Vв 2 IIб<br>1 III г | 7 |
| 19. Одбојка | 1 Vб 1 Va 1 Vг<br>1 IIIб 3 IV а 1 IIIв | 8 |
| 17. Боречки вештини | 1 III г | 1 |
| 18. Странски јазик | 13 Vб 17 Vв 4 V а 6 Vг 6 IIIб<br>4 IIIa 10 IVб 4 IV а<br>6 IIб 2 IIa 9 VIг<br>15 VIa 4 IIIв | 100 |
| 19. Компјутерски курс | 1 Va | 1 |
| 20. Карате | 2 Vг 3 VIг 1 IIIг | 6 |
| 21. Спортска академија | 1 IIIa 2 IVб 3 IV а 2 IIб 2 IIa 5 VIa 1 III г | 16 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 V б 1 IIIб 1 IIIa<br>1 IIб 1 VIa 1 III г | 6 |
| 23. Креативно пишување | 1 IIIб | 1 |
| 24. Атлетика | 1 IIв | 1 |
| 25.Курс по креативно пишување | 3 VIa | 3 |

| Ученици вклучени во вонучилишни активности - предметна настава | одделение | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 VIII а 1 а IX | 2 |
| 2. Балетско училиште | 1 VII а 2 VIII в 1 IX в | 4 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 VII в 2 VII б 2 VII а 2 VIII г 5 VIII а 1 IX г 6 IX б 2 IX а | 22 |
| 4. Фудбал | 1 VII б 1VII а 2 IX в 1 IX б | 5 |
| 5. Училиште за танц | 2 VII в 4 VII б 1 VII а 2 VII а 2 VIII г 3 VIII а | 14 |
| 6. Пливање | 1 VII а 1 VIII в 2 VIII б 1 VIII б 2 IX г 4 IX в | 11 |
| 7. Играорна | 1 VII в 3 VII б 2 VII а 2 VIII г 4 VIII б 2 VIII а 4 IX в 1 IX б | 17 |
| 8. Гимнастика | 1 VIII б | 1 |
| 9. Јавање | 1 VII б 1 IX г 1 IX в | 3 |
| 10. Тенис | 1 VIII б | 1 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 1 VII а 1 IX б | 2 |
| 12. Шах | / | / |
| 13. Пеење / хор | 1 VII б | 1 |
| 14. Глума | 1 VII в 1 VII б 1 VIII в | 3 |
| 15.Ракометен клуб | 3 VII б 1 VII а 1 VIII б 1 IX г 1 IX б | 7 |
| 19. Одбојка | 2 VIII в 2 VIII б 1 г IX 2 IX в 1 IX в 1 IX а | 9 |
| 17. Боречки вештини | 1 VIII а | 1 |
| 18. Странски јазик | 8 VII в 12 VII б 11 VII а 6 VIII г 19 VIII в 16 VIII б<br>16 VIII а 5 IX г 24 IX в 10 IX б 3 IX а | 130 |
| 19. Компјутерски курс | 1 VII в 1 VII а 1 VIII в 4 IX в 1 IX а | 8 |
| 20. Карате | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| 21. Спортска академија | 1 VII в  2 VII б  1 VII а  1 VIII в 1 IX г  4 IX в  3 IX б | 13 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 VII а  2 VIII а  1 IX а | 4 |
| 23. Креативно пишување | / | / |
| 24. Атлетика | 2 VII б | 2 |
| 25. Стрелаштво | 1  VII в | 1 |

## 12.Натпревари на учениците

**Ученички натпревари** се составен дел од вonнаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, , да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училиштни натпревари
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организираат, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.
Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари.

**Планирани училишни натпревари**

| Предмет | Одделение | Наставник | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | VI - IX | Олга Добревска<br>Славјанка Николова<br>Магдалена Јанковска | Февруари |
| **Англиски јазик** | VIII - IX | Татјана Арсова<br>Благица Блажеска | Февруари |
| **Математика** | IV - IX | Даниела Димишковска<br>Олгица Ристовска<br>Даниела Моневска | Февруари |
| **Природни науки** | IV - VI | Даниела Денковска | Февруари |
| **Биологија** | VII - IX | Даниела Денковска | Февруари |
| **Географија** | VI - IX | Марина Грамова | Февруари |
| **Хемија** | VIII-IX | Лилјана Трајкова | Февруари |
| **Физика** | VIII-IX | Билјана Ристовска | Февруари |
| **Информатика** | VI -IX | Владанка Михајловска | Февруари |

Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Програмата за ученички натпревари е дадена во прилог бр.24

### 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии:

1. Интеграција на содржина;
2. Процес на создавање знаење;
3. Намалување на предрасудите;
4. Педагогија на праведност и
5. Поттикнувачка училишна култура и структура.

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се Македонците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да серазвиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобруваи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „25 Мај“ од населба Ченто, во кое наставата се одвива на албански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Одговорни лица се Магдалена Јанковска, координатор од ООУ „Стив Наумов“ и Сузана Курбардовиќ, координатор од ООУ „25 Мај“.

Во училиштето се реализираат разни видови активности преку кои учениците осознаваат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадностсе вклучени и во различни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги наброиме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани. Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Ученичкиот парламент на училиштето и нејзините тела.Ученичкиот парламент го поддржува демократското учество на учениците во училиштето т.е принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето, кое подразбира:

а) обезбедување атмосфера и услови;

б) градење механизми и процедури.

## Акционен план за реализација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието
**2022 – 2023 година**

| Цели | Активности | Временска рамка | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање МИО активности на училишно ниво | Информативно – консултативна средба со наставниците за планирањена МИО активности | јуни | Тим за училишна интеграција | прирачници веб-страна | Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО |
| Согледување на здедничките интереси и разлики на младите од различни етникуми | Одбележување на Европскиот ден на јазиците - воннаставна активност | септември | Наставници кои предаваат странски јазици | учебник ИКТ проектор | Учениците ги идентификуваат и објаснуваат сличностите и разликите помеѓу културите и културните вредности. |
| Собирање прехрамбени производи за помош на семејствата од социјален ризик Заложба за еднаков/ праведен третман на припадниците на други култури и социјални групи | Собирна хуманитарна акција „Недела на гладта“- одбележување во рамки на кампањата „Помислете и на нас...“ | октомври | Подмладок на Црвен крст Клуб за едукација и превенција на Црвен Крст на Република Македонија | пунктови за донација, плакат, хамер, летоци | Придонес во глобалната борба против сиромаштијата Развиено чувство за солидарност, хуманост и праведен третман на припадници на различни култури и социјални групи. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да издвојува добри примери (од книги, филмови, секојдневен живот) на соработка помеѓу луѓе од различни култури | „Поговорки од различни култури“ (читање и запишување на поговорки на хамер од различни култури) | октомври | Валентина Николовска – наставник по класична култура во европската цивилизација | учебник<br>интернет<br>хамер<br>маркери<br>книга „Мудри мисли“ од Љ.Басотова | Преку мудрите пораки и мисли учениците се залагаат за почит и поддршка<br>на другите култури во опкружувањето како трајни цивилизациски вредности. |
| Развивање вештини за комуникација, почит, раководење и соработка, другарство помеѓу ученици од различна националност, толеранција и вештини за користење на личните капацитети и капацитетот на тимот како целина<br>Прифаќање на различноста како позитивна карактеристика за воспоставување другарски односи. | „Спортот - нишка за соработка, игра и другарство“ - заедничка активност на ученичките заедници од двете партнер училишта | ноември | Елена Боневска,<br>Тања Гигова – одделенски наставници | фискултурна сала,<br>надворешни терени (игралишта),<br>чуњеви,<br>конуси, обрачи,<br>топки, јажиња<br>финансиски средства | Развиена соработка, дружење, почит, толеранција, комуникација помеѓу учениците од различна националност, развиени вештини за искористување на личните капацитети и капацитетот на тимот за постигнување на успех и фер - плеј игра, прифаќајќи ја различноста како позитивна карактеристика за развивање другарски односи |
| Се залага за почитување и поддршка на другите култури во опкружувањето како модел на заедничка иднина | Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите под мотото „Сите сме исти“ | ноември | ученички парламент, наставници, родители | ДВД<br>ЦД<br>проектор | Учествува во активности за промовирање различни култури, не дискриминира врз основа на културни разлики. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да идентификува и објаснува сличности и разлики помеѓу културите и културните вредности | Посета на Кинотека на СРМ - воннаставна активност | ноември | Магдалена Јанковска – наставник по македонски јазик | -филм „Моето езеро“<br>-финансиски средства | Учениците ги објаснуваат сличностите и разликите помеѓу припадниците на различни култури. |
| Учениците да се запознаат со верата, обичаите и културата на другите етнички заедници; Уредување на ликовните паноа и украсување на холовите во двете училишта; | *„Шарен свет“* – реализација на ликовна изложба – заедничка активност | март | Наставници по ликовно образование од двете училишта Емилија Божиновска | ликовен материјал паноа интернет | Ученици запознаени со верата, обичаите и културата на другите етнички заедници;<br><br>Украсени ликовни паноа во двете училишта; |
| Развивање на интеркултурализмот - инсистирање на меѓукултурен дијалог и заемно разбирење како позитивни карактеристики за воспоставување другарски односи. | Посета на Ботаничка градина - заедничка активност на учениците од двете партнер училишта | април | Даниела Денковска- предметен наставник и Маја Питроповска – одделенски наставник | -финансиски средства | Учениците се подготвени да бидат: толерантни, кооперативни, емпатични и одговорни во конкретни ситуации. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат учениците со обичаите, традицијата, и семејните традиции кај различните етнички групи преку запознавање со народните музички инструменти | Група жичани народни музички инструменти | мај | Благица Јовановска -наставник по музичко образование | ДВД<br>ЦД<br>ИКТ | Учениците ги знаат музичките инструменти на различните етнички заедници и истите ги препознаваат како дел од традицијата и фолклорот на еден народ. |
| Да ги опишуваат расите, културите и религиите на планетата и да ја согледаат нивната распространетост на планетата. Истражува како животот на луѓето во сопствената заедница е поврзан со светот пошироко. | „Раси, култури и религии“ | мај | Марина Грамова – наставник по географија | проектор<br>интернет<br>учебник | Учениците се подготвени/отворени да слушаат и учат од и за другите култури. |
| Да умее да менаџира и разрешува конфликт во мултикултурно опкружување по пат на медијација/ посредување. | Праведни решенија и разрешување конфликти меѓу децата | мај | Марија Лефковска – одделенски наставник | ОЖВ<br>прирачник | Користи и/или наведува техники за медијација при решавање конфликт. |

## 7. План за евалуација на акциските планови

***Критериумиза успех*** – ученици кои ќе ги познаваат и почитуваат културата и традицијата на етничките заедници кои живеат во нашата земја и ќе бидат оспособени за соживот во мултиетничко општество; поголема вклученост на родителите во рамките на проектот;
***Инструменти*** – формулар за следење на часови
***Индикатор за успешност*** – зголемена соработка со родителите и со партнер училиштето; оспособеност на учениците за почитување на културата и традицијата на сите етнички заедници и соживот во нашето мултикултурно општество
***Одговорен за следење*** –Тим за училишна интеграција
***Повратна информација***– МИО портал на веб страната на училиштето, изготвен промотивен материјал (брошури)
***Тим за училишна интеграција:*** Елизабета Јовановска - директор, Магдалена Јанковска - координатор ,Биљана Василевска - педагог, Мери Тодорова - библиотекар, Ана Ристовска- одделенски наставник, Даниела Моневска- предметен наставник.
Глобалното планирање за меѓуетничка интеграција во образованието е дадено во **прилог бр.25**

## 14. Проекти кои се реализираат во училиштето

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Реализацијата на проекти им овозможува на учениците активно учење, придонесува за зголемен интерес и ангажман за учење и работа, а истовремено учениците стануваат свесни за важноста на комуникацијата и тимската работа.
Во училиштето се реализираат следните проекти:
-**„ Меѓуетничка интеграција во образованието“** е проект во рамки на кој се реализираат активности насочени кон остварување на главната цел - учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.
-**„Училиште на 21 век“** започна со реализација во 2019 година откако група наставници посетија обука организирана од Британски совет и МОН, а потоа направија дисеминација во училиштето. Во сите предмети вклучено е критичкото размислување, бидејќи е една од основните вештини кои младите треба да ги поседуваат за да бидат подготвени за работа во современата економија. Во наставата критичкото размислување се поттикнува и развива преку неколку стратегии: Сократови прашања, земање предвид различни перспективи, вреднување докази, потрага по длабоки структури. Исто така, внесен е во употреба уредот Микро:бит како средство за совладување содржини од информатика, но и изведување експерименти во други предмети. Посебно внимание се посветува на корелацијата интернет- критичко размислување, за да и користењето интернет се стави во служба на критичкото размислување.
За важноста на проектот ,,Училишта на 21 век”, говори и фактот дека развивањето критичко размислување е еден од приоритетите на училиштето за учебната 2022-2023 година.
Училиштето е регистрирано на платформата **E-twinning** преку која се реализираат најразлични проекти со училишта од други земји. Преку овие проекти се остварува директна комуникација на наставниците и учениците приклучени во конкретниот проект. Целта на овие проекти е споделување на позитивни практики и размена на искуства меѓу наставниците и учениците како и запознавање со другите култури.

## 15.Поддршка на учениците

### 15.1 Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците на крајот на секој класификационен период и изготвува споредбени анализи по предмети, паралелки, одделенија, по пол и по етничка припадност.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнитената настава изготвени се и посебни

известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на наставните содржини по поедини предмети.
Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

**Табела со успехот на учениците на крај на последните три учебни години**

| Учебна година | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 |
|---|---|---|---|
| **Успех** | 4,64 | 4,59 | 4,50 |

| Акциски план за поддршка на учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини/ Активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| **Изготвување програми за работа со талентираните,надарените, учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии** | Изготвување на план за работа со тие ученици | Училишен тим | Август - Септември | **Изготвени програми** |
| **Идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето** | Изготвување и примена на инструменти и постапки за идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето | Наставници | Септември - Октомври | **Идентификувани ученици** |
| **Континуирано да се подржуваат талентираните и надарените ученици** | Изготвување и реализација прграма за работа со надарени и талентирани ученици | Тим за надарени и талентирани ученици | Во текот на целата учебна година | **Учество на натпревари и освоени награди и признанија** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Континуирано да се подржуваат учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии** | Изготвување и реализација на програма за работа со деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Тим за инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии | Во текот на целата учебна година | **Подобрување на постигањата, вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница** |
| **Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатната и дополнителната настава** | Реализација на часови за додатна и дополнителна настава<br>Следење и евидентирање на присуство на учениците на часови на додатна и дополнителна настава | Предметни наставници родителите и учениците | Во текот на целата учебна година | **Повисоки постигања на учениците** |
| **Навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците** | Индивидуално и групно советување на учерниците за избор на занимања – запишување во средно образование | Тим за професионална орентација на учениците | Во текот на целата учебна година | **Правилен избор на учениците за продолжување на образованието согласно нивните интереси и способности** |
| **Следење и анализа на постигањата на учениците** | Изготвување извештаи и на компаративни анализи | Стручни соработници<br>Тим за постигања на учениците | По завршување на класификационите периоди | **Подобрување на пстигањата на учениците** |
| **Да се промовираат постигањата на учениците** | **Информирање на училиштето и јавноста за** | **Одд. Раководители**<br>**Стручни** | **Во текот на целата учебна година** | **Информирано училиште и јавност за постигањата на учениците** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **постигањата на учениците преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн.** | **соработници** | | |

***Критериум за успех:*** Подобрување на постигањата на учениците, редовно учество на додатна и дополнителна настава, учество на натпревари и постигнати резултати на истите (освоени награди), правилен избор на средно училиште на учениците од деветто одделение.
***Иструменти:*** Листи за идентификација на ученици со потешкотии во учењето,листи на евиденција за дополнителна и додатна настава, досиеа на ученици**,** Пронад скала, прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците, ТИФИН, анкети.
***Индикатор за успешност:*** Идентификувани ученици,изготвени и реализирани планови, постигнати повисоки постигања, освоени награди на натпревари, подобрување на постигањата на учениците**.**
***Одговорен за следење*:**Тим за додатна и дополнителна настава, тим за надарени и талентирани ученици, тим за професионална орентација на ученици, тим за инклузија на учениците со ПОП и емоционални потешкотии.
***Повратна информација*:** Полугодишни и годишни извештаи на тимовите**.**
***Тим за поддршка*:** директор – Елизабета Јовановска, Александра Крстевска, Биљана Василевска, Билјана Теовска, Басотова Слободанка, Олгица Ристовска, Тоше Трајковски

## Успех на учениците по наставни предмети во учебната 2021/22год

Учениците од прво до трето одделение на крајот на учебната година се оценуваат описно, а учениците од четврто до деветто одделение бројчано.

**Преглед на успехот на учениците по предмети**

| Паралелка | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех по предмети | описно | описно | описно | | | | | | | |
| македонски јазик | | | | 4,36 | 4,59 | 4,15 | 4,37 | 4,38 | 4,65 | 4,41 |
| математика | | | | 4,35 | 4,43 | 3,83 | 3,75 | 3,63 | 3,95 | 3,99 |
| англиски јазик | | | | 4,27 | 4,27 | 4,49 | 4,47 | 4,65 | 4,59 | 4,45 |
| француски јазик | | | | | | 4,68 | 4,61 | 4,52 | 4,63 | 4,62 |
| германски јазик | | | | | | 4,06 | 3,98 | 4,03 | 4,47 | 4,12 |
| ликовно образование | | | | 4,76 | 4,86 | 4,44 | 4,57 | 4,75 | 4,56 | 4,66 |
| музичко образование | | | | 4,69 | 4,91 | 4,73 | 4,84 | 4,98 | 5,00 | 4,85 |
| техничко образование | | | | 4,55 | 4,44 | 4,39 | | | | 4,46 |
| информатика | | | | | | 4,52 | 4,49 | | | 4,51 |
| општество | | | | 4,28 | 4,53 | | | | | 4,41 |
| географија | | | | | | 4,27 | 4,27 | 4,13 | 4,53 | 4,30 |
| историја | | | | | | 4,46 | 4,38 | 4,51 | 4,60 | 4,49 |
| етика | | | | | | | 4,58 | | | 4,58 |
| граѓанско образование | | | | | | | | 5,00 | 4,48 | 4,75 |
| работа со компјутери | | | | | 4,91 | | | | | 4,91 |
| природни науки | | | | 4,31 | 3,93 | 4,03 | | | | 4,07 |
| биологија | | | | | | | 4,26 | 4,32 | 4,45 | 4,34 |
| физика | | | | | | | | 3,91 | 4,24 | 4,07 |
| хемија | | | | | | | | 4,11 | 4,28 | 4,19 |
| иновации | | | | | | | | | 4,22 | 4,33 |
| физичко и здравствено образование | | | | 4,96 | 5,00 | 4,87 | 4,96 | 5,00 | 5,00 | 4,96 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изборен предмет етика на религиите . | | 4,76 | | | | 4,76 |
| клас. култура на европски цивилизации | | 4,74 | | | | 4,74 |
| вештини за живеење | | | 4,84 | 5,00 | | 4,86 |
| програмирање | | | | | 5,00 | 5,00 |
| нашата татковина | | | | | | |
| истражување на родниот крај | | | | | 5,00 | 5,00 |
| проекти од информатика | | | | 4,97 | | 4,97 |
| изборна настава | 4,67 | | | | | 4,67 |
| слободни изборни предмети | 4,82 | | | | | 4,82 |

**Учениците со потешкотии во учењето**, се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции(Завод за ментално здравје на деца и младинци “Младост“ и Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади).

**Училиштето има изготвено процедура за идентификација и поддршка и на учениците со потешкотии во учењето:**

-Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;

-Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;

-Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);

-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално здравје на деца и младинци “Младост“,Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на *промовирањата на постигнувањата на учениците*, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Училиштето редовно ги промовира своите постигања преку учество во контактно-училишната емисија “Голем одмор” на МРТВ. Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писатели на Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува *процедура за наградување ученици:*

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

-на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);

-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;

-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.

-училиштето на крајот на учебната година распишува конкурс за избор на првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение. Училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици. Наставничкиот совет на училиштето избира Комисија за избор на првенец на генерација која е составена од директор, стручен соработник, еден наставник од одделенска настава, еден наставник од предметна настава и двајца ученици од осмо одделение. Комисијата дава предлог согласно Правилникот за избор на првенец каде се дадени критериуми за изборот и утврдува кандидатска бодовна листа која ја доставува до Наставничкиот совет Наставничкиот совет на крајот на наставната година донесува одлука за прогласување на ученик/ученици за првенец на генерација .

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Согласно програмата за професионалната ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, нашето училиште ќе работи на ова подрачје тргнувајќи од основната цел на програмата , а тоа е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности , насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирањето на својата кариера.

Процесот на професионална ориентација ќе се реализира низ следните фази:

-самоспознавање

-професионално информирање

-донесување одлука

За синтетизирање на информациите што ги прибираат и обработуваат низ секоја од фазите учениците водат портфолио, регистар за прибирање на документација за избор на понатмошното образование, односно занимање, кое ќе им помогне на учениците при донесувањето конечна одлука.
Програма за професионална оринетација-е дадена во прилог бр.  28

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во Универзалната Декларација за правата на човекот се вели дека: „Сите права и слободи му припаѓаат на секое лице без разлика во поглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго мислење, националното и општественото потекло, имотната состојба, раѓањето или кои било други услови". Дискриминацијата, насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на учениците, што воедно претставува повреда на основните детски права. Во член 5 од Законот за основно образование, „Службен весник на РСМ", бр. 161 од 5. 8. 2019, се вели: - Заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста во став 4 се наведува „вработените од ОУ се должни да промовираат еднаквост и праведност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство". Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на дискриминација. За таа цел училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која се предвидени индивидуални и групни активности преку кои се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство. Во програмата се дефинирани видовите насилства по злоупотреба и занемарување, разни видови активности, работилници, техники, методи, како да се зајакне соработката со родителите и позитивната дисциплина , клима и соработката во училиштето. Составен дел на програмите и превентивните активности е соработката со родителите на учениците, кои се важен фактор во сузбивањето на сите појави на несакано однесување кај учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Училиштето има изготвено процедура за пријавување на појавите на насилство.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Во случај на сомневање за постоечка злоупотреба(физичка, емоционална или сексуална) и занемарување на децата, без при тоа да се има јасна информација за тоа, наставниците и стручните соработници кои доаѓаат во контакт со детето и со неговото семејство го пријавуваат случајот до Центарот за социјална работа или пак до полицијата.

Во соработка со Првата детска амбасада „Мировно образование"„ чија цел е информирање на јавноста за подобро родителство и подобар третман на учениците на училиште и во семејството, како и јакнење на капацитетите на стручните соработници, наставниците и родителите за обезбедување сигурна и безбедна училишна и семејна околина, како и унапредување на детските права.

Училиштето соработува  и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација.

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родителите/старатели, како и локалната заедница и институциите. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

**Првата цел е превенција на насилно однесување во училиштето** односно мерки и активности за создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување).

За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:

-презентирање на кодексот на однесување на учениците во училиштето, правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување,
-објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и протоколот за справување со насилничко однесување на web страната на училиштето
-на секое ново вработено лице му се доставува протокол за справување со насилничко однесување
-зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување  и заштита од насилство преку вклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки
-едукативни работилници/презентации/предавања за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето ниво;
-едукација и подигање на свеста на учениците
-организирање посебен влез и излез во деновите кога се среќаваат учениците од прва и втора смена
**Втората цел се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство**.

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

-препознавање на насилното однесување преку: набљудување на промени кај учениците –физички емотивни, промени во однесување

-распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето
-анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и ученици кои вршат насилство
-поставување на кутија за анонимно пријавување
-поставени камери во холови и ходници
-ангажирано обезбедување
-соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен правобранител.
-утврдена постапка за пријавување на насилно однесување
-превземање активности за прекин на насилното однесување и обезбедување сигурност на ученикот

**Третата цел на програмата опфаќа заштита и промена на однесувањето на ученикот сторител.**

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

-евиденција  на учениците кои вршат насилство
-формирање на тим за поддршка на ученикот
-советодавна работа, психо-социјална помош и следење на ученикот сторител
-советодавна-консултативна работа со родителот
-изрекување на педагошка мерки
-вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба

**Четвртата цел на програмата опфаќа психо-социјална помош и заштита на ученици кои се жртви на насилство**.

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

-евиденција на учениците кои се жртви на насилство
-пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа
-советодавна работа, психо-социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство,
-вклучување на надлежни институции по потреба

Реализатори на оваа програма се одделенските и предметните наставници, стручните соработници и Директорот, а одговорно лице за следење е координаторот на тимот за за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

## ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБУВАЊЕ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

**Принципи според кои се спроведува постапката:**Најдобар интерес на детето, почитување на различностите и забрана за дискриминација, почитување на правото на самоопределување, учество, приватност, доверливост, жртвата не е виновна, пропорционалност, информираност, стручност и одговорност, должно внимание, забрана за непотизам и корупција

**Чекори на интервенција:**

**I Препознавање и пријавување на насилство**

1.Било каков вид на насилство се пријавува кај контакт лице (стручен соработник) за пријавување на насилство или кај било кој вработен во училиштето во кој што ученикот има доверба
2.Сите ученици, вработени во училиштето се должни да пријават насилство без разлика каде се случило (во училиштето, на патот до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или било кое друго место)
3.Наставниците, стручните соработници, директорот треба да поседуваат знаења, вештини за препознавање на насилството, да обезбедат извор на информации за појавата на насилното однесување, да внимаваат каде се случува, да знаат да утврдат дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно

**II Прибирање на информации**

1.Разговор со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Разговор со учесниците сторители во насилното однесување
3.Разговор со учениците сведоци на насилството или кој било друг ученик или возрасен засегнат од насилството
4.Информирање на одделенскиот раководител, родителите и стручните соработници за учениците кои се жртва на насилното однесување, и учесниците сторители

**III Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата**

1.Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата и вработените се должни веднаш да го прекинат насилството и да превземат активности за смирување на ситуацијата
2.Информирање на контакт лицето
3.Во зависност од формата на насилството, прво, второ, трето ниво по потреба се вклучуваат и други институции МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи

**IV Советодавно-консултативна работа**

1.Советодавно-консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Советодавно-консултативна работа со учесниците сторители во насилното однесување
3.Советодавно-консултативна работа родителите на учениците кои се жртва на насилно однесување и родителите на ученици сторители во насилното однесување

**V Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

1.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој по потреба се вклучуваат и други лица ( наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции, здруженија)
2.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој задолжително се вклучени претставници од Центарот за социјална работа, МВР, здравствени институции
3.Мерки за промена на однесувањето на сторителот (психосоцијална социјална подршка од страна на училишен психолог, упатување на родителите/старателите на психо-социјално советување во надлежна установа)

4.Изрекување на соодветна педагошка мерка, член 72 од ЗОО
5.Следење на ефектите од педагошките мерки од страна на одделнските наставници и раководители и стручните соработници
6. Преместување на жртвата во друга паралелка или училиште по сопствена желба
7.Преместување на сторителот во друго училиште (не како педагошка мерка)
8.Мерки за поддршка на набљудувачите /сведоците

**V Водење на евиденција за појавата на насилното однесување**

1.Евидентирање на секој случај на насилство од страна на контакт лицето во формуларите за евиденција, формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот
2.Евидентирање на насилното однесување во евидентниот лист за дежурен наставник

**VI Меѓусекторска соработка**

1.Вклучување на претставници од други институции при појава на насилство МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, здравствени установи, Министерство за здравство, здружение на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, Народен правобранител....
2. Вклучување на претставници од локална самоуправа

Планот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација е даден во прилог бр.29

# 16. Оценување

## 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценуваат со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на

учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.

Оценувањето во учебната 2022/23 година се вршеше согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина. За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

Наставниците ќе применуваат формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за настава од далечина, односно расположливите онлајн алатки за оценување на учениците.

Комбинираниот начин на оценување подразбира поддршка и следење на постигањата на учениците при реализација на наставата од далечина, како и повремени консултативни/менторски средби со ученикот во училница. Организирањето на повремените средби/часови со физичко присуство во училница за следење, за поттикнување на учениците, за проверка на постигнатото и за вреднување на нивните знаења има за цел:

-Надополнување на празнини во учењето.

-Поттикнување на дополнително/длабинско учење.

-Грижа за социјалниот и емоционалниот развој.

Наставниците ќе даваат јасни насоки на учениците во врска со очекуваните резултати од учењето и начинот на следење, контролирање и вреднување на нивното постигнување (како да проверуваат колку научиле, кои докази треба да ги собираат, како самостојно да учат, како ќе се проверува наученото, како ќе се формира оценката).

При *формативното оценување* во виртуелната училница наставниците ги користат следните постапки:

-Запознавање со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето.

-Поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи

-Користење на разновидни методи и техники за проверување.

-Вклучување на учениците во оценувањето (самооценување и заемно оценување) заради учење едни од други.

Исто така наставниците континуирано ќе даваат повратна информација која може да биде во различни форми, но секогаш треба да биде детална и конкретна, со насоки за подобрување на учењето. Секоја повратна информација треба да ги содржи следните елементи: (1) што е добро направено, (2) што треба да се подобри и (3) што ученикот треба да направи за да го подобри тоа.

Таа може да биде во пишана форма, аудиоформа или видеоформа, а најсодветен е директниот разговор со ученикот преку телефон или онлајн апликации за комуникација (што ги овозможува платформата или други апликации што ќе ги користат училиштата итн.)

*Сумативното оценување* треба да ги поседува следните карактеристики:валидност, веродостојност, објективност , правичност/непристрастност, транспарентност и јасност.

Наставникот може да организира физички средби во училиште/часови за вреднување на знаења и вештини и при сумативното оценување доколку има дилема, односно доколку нема доволно елементи за сумативната оценка на ученикот/учениците.
При формирањето на сумативната оценка наставникот има предвид колку ученикот бил активен во процесот на учењето.
Најчести дигитални техники што можат да ги користат наставниците за да се вреднува напредувањето и постигањата на учениците, односно најчести дигитални техники за формативно и сумативно оценување, во зависност од перформансите на соодветната платформа, се: објективни тестови со избор од понудени одговори, тестови со краток одговор, есејски прашања, дискусии, студија на случај, изведбени активности, онлајн игри, ученички списанија, блогирање, електронско портфолио (збирка на ученички творби што ги покажуваат резултатите постигнати од ученикот преку различни активности во наставниот процес, на пример: есеи, постери, фото графии, видео и аудиозаписи, ликовни творби и сл.) и др.
Во случај на потреба од повторна проверка на знаењата на учениците, поправен испит или за побрзо напредување во училиштето се формира испитна комисија.
За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.Комисијата е составена од претседател и два члена-испитувачи.Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата, односно оценките.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Училиштето дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето прилог бр. 30

### 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел подобрување на квалитетот на наставата од особено значење е следење на квалитетот на работата на воспитно –образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови начини преку кои може да се види истата.
Училиштето има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид во работатат на секој
наставник.

Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подобрување на квалитетот на работата .
Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на три подрачја :
Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
Следење на квалитетот на дополнителна и додатна настава;
Следење на реализацијата на воннаставните активности;

За следењето на квалитетот на реализација на наставата изготвени се следните инструменти :

**Формулар за увид во годишно-глобално планирање- предметна настава**

**Формулар за увид во тематско-процесно планирање-предметна настава**

| **Одделение** | **Наставник** | **Дата на увид** |
|---|---|---|
| **Индикатори** | | |
| Годишен глобален план по предмети | | |
| Годишен глобален план за секој предмет одделно по теми,број на часови и време за реализација | | |
| Меѓутематска и меѓупредметна корелација и интеграција | | |
| Конкретни цели за секој предмет одделно | | |
| Програма за дополнителна настава | | |
| Програма за додатна настава | | |
| Програма за воннаставни активности | | |
| Планирање час за одделенска зедница | | |
| План за имплементирани содржини од екол.едукација во макед. образовен систем | | |
| Планирани содржини за МИО | | |
| Планирани содржини за претприемничко учење | | |
| Планирање на ИКТ во наставата ( Е содржини, линкови) | | |
| Планирање задавање домашна работа | | |
| Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (крај на септември) | | |
| Програма за соработка со родители | | |
| Програма за екскурзии | | |
| Критериуми и стандарди за оценување | | |

| Одделение | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | | | | | |
| **Цели на темата** | | | | | |
| Наставна содржина | | | | | |
| Тип на час | | | | | |
| Очекувани исходи | | | | | |
| Наставни форми | | | | | |
| Наставни методи | | | | | |
| Современи техники на учење и поучување | | | | | |
| Наставни средства и материјали | | | | | |
| Методи за следење на постигањата на учениците | | | | | |
| Среднорочен ИОП за ученици со посебни потреби | | | | | |

**Формулар за увид во годишно-глобално планирање- одделенска настава**

**Формулар за увид во тематско-интегрирано планирање**

| **Одделение** | **Дата на увид** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| **Индикатори** | **Наставни предмети** | | | | | | | | |
| | **мак** | **мат** | **лик** | **муз** | **опш** | **физ здр.** | **ком пјут** | **прир. науки** | **одд. час** |
| Наслов на наставна тема | | | | | | | | | |
| Време на реализација | | | | | | | | | |
| Наставни содржини | | | | | | | | | |
| Цели по предмети | | | | | | | | | |
| Очекувани резултати | | | | | | | | | |
| Активности по предмети | | | | | | | | | |
| Наставни форми | | | | | | | | | |
| Наставни методи | | | | | | | | | |
| Наставни средства | | | | | | | | | |
| Современи техники на учење и поучување | | | | | | | | | |
| Методи за следење на постигањата на учениците | | | | | | | | | |
| Соработка со родители | | | | | | | | | |
| Среднорочен ИОП за ученици со посебни потреби | | | | | | | | | |

**Инструмент за евалуација на дневната подготовка на наставникот**

Датум____________________
Одд.___________________
Наставник____________________________________________________________
Предмет______________________________________________________________
Тема_________________________________________________________________
Содржина_____________________________________________________________
Тип на часот _________________________________________________________

| **Елементи од дневна подготовка** | **целосно** | **делумно** | **изостанува** |
|---|---|---|---|
| Наставната содржина е во врска со тематското распределение | | | |
| Дефинираните цели се соодветни на содржината за дадениот наставен час | | | |
| Наставникот има јасна претстава какви промени кај учениците очекува од тој час – јасно дефинирани очекувани исходи | | | |
| Структурата на часот е поделена во фази и дадени се активности за секоја фаза | | | |
| Предвидените наставни форми и методи се во согласност со содржината што ќе се обработува | | | |
| Наставникот планира користење современи техники на учење во наставата | | | |
| Наставникот има планирано користење на соодветни нагледни средства | | | |
| Наставникот има испланирано активности со користење на ИКТ/Е - содржини кои се соодветни на поставените цели | | | |
| Предвидените активности за учениците и наставникот се соодветни на поставените цели | | | |
| Наведени се активности и инструменти, методи и техники за оценување на часот | | | |
| Наставникот планира домашна задача | | | |
| Наставникот води рефлексивни забелешки за поставените цели, очекуваните исходи од часот како и за ефикасноста на часот | | | |

**Инструмент за посета на час**

Датум____________________ Одд.____________________
Наставник____________________________________________________________
Предмет______________________________________________________________
Тема_________________________________________________________________
Содржина_____________________________________________________________
Тип на часот _________________________________________________________

| **Елементи од наставниот час** | **целосно** | **делумно** | **изотсанува** |
|---|---|---|---|
| Училницата претставува пријатна атмосфера за работа (нагледни средства, изработки од учениците и сл.) | | | |
| Текот на часот се одвива според дневното планирање | | | |
| Наставникот ги користи претходните знаења на учениците во воведувањето на новиот материјал | | | |
| Наставникот ги запознава учениците со очекуваните резултати кои треба да ги постигнат на крајот од часот | | | |
| Наставникот адекватно ги користи планираните форми и методи | | | |
| Наставникот користи современи техники на учење во наставата | | | |
| Наставникот соодветно користи различни нагледни средства | | | |
| Наставникот користи ИКТ/Е-содржини | | | |
| Наставникот активно ја следи, координира и насочува работата на учениците | | | |
| Присутна е отворена позитивна атмосфера, соработка и взаемно почитување меѓу учениците и наставникот | | | |
| Наставникот користи постапки, инструменти за оценување | | | |
| Инструментите за оценување содржат јасни критериуми за оценување | | | |
| Наставникот им дава повратни информации на учениците за нивниот напредок и насоки за подобрување на учењето | | | |
| Планираните активности за учениците се во функција на постигнување на целите на часот | | | |
| Наставникот задава домашна задача со јасни насоки за нејзина изработка | | | |

План за стручни посети и за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно –образовниот кадар    - прилог бр.31

### 16.4 Самоевалуација

Самоевалуацијата за работата на училиштето се спроведува согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта на крајот на секоја втора наставна година.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).
Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја .Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Членови на Комисијата за спроведување на самоевалуација за учебните 2020-2022год.:

1.Елизабета Јовановска -директор
2.Биљана Василевска-педагог
3.Билјана Теовска-дефектолог
4.Татјана Арсова-предметен наставник
5.Гордана Мацкова-одделенски наставник
6.Димитар Проданов-родител
Програмата за самоевалуација е дадена во прилог бр 32.

## 17.Безбедност

Безбедноста и здравјето во училиштето во суштина подразбира создавање на услови за учење и работа во кои се преземаат мерки и активности со цел заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица кои на тоа имаат право. За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Родителите очекуваат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина за

учење и да се чувсвтвуаат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници.
Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:
-Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
-План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште;
-Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
-Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа), Тим за против пожарна заштита и одржување, Тим за комуникација и обезбедување и Тим за евакуација. Училиштето секоја учебна година планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди, по потреба добива поддршка од Црвениот крст на град Скопје, Противпошарната единица, Полициска станица и Брзата помош.
Во услови на пандемија од Covid 19 за учебната 2020/21 се изготвени посебни протоколи и процедури за заштита на здравјето на учениците и сите вработени кои се согласно препораките на владата, МОН, Комисијата за заразни болести и истите ќе трпат промени согласно ситуацијата.

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во прилог бр.33

**Акционен план за безбедност во училиштето за 2022/23**

| Задача | Активност | Временска рамка | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обучување на наставниците за пружање прва помош** | Обука по прва помош | Во текот на учебната година | Акредитирани организации | Компетентни и сертифицирани наставници за укажување прва помош | Директор |
| **Обучување на вработените во училиштето за безбедност и здравје при работа** | Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје | Секоја трета година | Акредитирани организации | Стекнати основни знаења за безбедност и здравје на работното место | Директор |
| **Унапредување на знаењата на учениците** | Информативно и едукативно предавање | Во текот на учебната година | Одговорни наставници од Клубот за едукација и | Стекнати основни знаења за значењето на првата помош и вештини за | Клуб за едукација и превенција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **за пружање прва помош** | на учениците за прва помош и заштита | | превенција Ученици-членови на Подмладок от на Црвен Крст | укажување на прва помош | |
| **Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи** | Едукат.предавање на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи Вклуч. на учениците во процесот на планирање на за заштитата и евакуација | Во текот на учебната година | Одговорни наставници од Клубот за едукација и превенција Ученици-членови на Подмладок от на Црвен Крст | Зајакната свест кај учениците за значењето на подготвеноста за елеменентарни непогоди | Клуб за едукација и превенција |
| **Спроведување симулациска вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)** | Спроведување интерна вежба за евакуација Одредување лица одговорни за евакуација на учениците со ПОП | Во текот на учебната година | Тим за спроведување на симулација Претставници од Црвен крст/ одговорни наставници Сите ученици и вработени полиција, ППединица Брза помош | Обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи | Директор Тим за спроведување на симулација |
| **Евалуација на вежба по нејзината реализација** | Проценка на успешноста по реализацијата на вежбата за евакуација | По завршување на вежбата | Тим за евалуација | Согледување на недостатоците и корекција на постоечките планови и протоколи за заштита | Директор |

## 18. Грижа за здравјето

### 18. 1 Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа за исправноста и функционалноста на санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични нетоксични средства. Во санитарниот простор редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува, а мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад . Во училиштето се спроведуваааат и интерни работни акции за средување на работното катче.

Заради пандемијата од Covid 19 за претстојната 2022/23 учебна година се изготвени посебни Процедури за хигиена и вршење дезинфекција на училишниот објект**.** Со цел заштита на здравјето на учениците, вработените, родителите и посетителите на училиштето се предвидува редовна дезинфекција на училниците, ходниците, тоалетите, фискултурната сала, канцеларии и останати простории, а секо ученик, вработен и посетител задолжително ќе врши дезинфекција на рацете и обувките. На сите влезови на училиштето е поставен сунѓер натопен со дезинфекциски раствор за дезинфекција на чевли, а во сите ходници, училници, канцеларии, помошни простории и тоалети е поставено средство/гел за дезинфекција на раце и корпа со капак за отпадоци (маски, ракавици). За одржувањето на хигиената и следење на начинот на дезинфекција одговорни лица се техничкиот персонал и дежурните наставници. Имајќи ја предвид новонастанатата ситуација од пандемијата со коронавирусот , училиштето презема активности за грижа за здравјето на учениците почитувајќи ги мерките, протоколите и алгоритмот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми , сомнителен/позитивен на КОВИД 19.

Училиштето има изготвени интерни протоколи за постапување и работа во услови на КОВИД19 и има назначено одговорно лице за постапување во случај на појава на симптоми на КОВИД19 кај ученик или вработено лице.

Училиштето презема активности за организирање едукативни предавања и работилници во насока на превенција од висрусот.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина-Автокоманда-Поликлиника Ченто; Стоматолошка ординација-ЈЗУ Автокоманда, Републички завод за здравствена заштита- одделение Медицина на трудот; Сектор

за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.
Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на 'рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.
За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Автокоманда со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.
Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. Учениците од секоја паралелка за време на систематскиот преглед се придружувани од одделенскиот раководител, а по потреба се повикува и родител.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.
- I одд. за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит);
-II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина;
-VII одд. вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.
Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
- IX одд. - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.
Вакцинирањето се врши во амбулантата „Автокоманда“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето ги планира и реализира активностите од кампањата,,Здрава храна за детство без мана“преку подигање на свеста за здрава храна како и подигање на училишниот активизам и промоција во средината со активно вклучување на родителите. Во текот на учебна година ќе се реализираат активности од кампањата.Кампањата која има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездравата храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, продажни акции на задрава храна, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн. Исто така има поместени содржини за пирамида на исхрана како да се храниме во Програмата за ОЖВ која се реализира на одделенски час тема Здравје: Пирамида на исхрана ликовно обр. V Работилница-здрава храна 2 април Природни науки I, II Здрава храна 2 Март Англиски III,II I like spaghetti 2 април Влијанието на храната врз здравјето Македонски јазик IV Подготовка за куклена претстава „Овошна караница“ 1 ноември Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна Природни науки IV Како правилно да се храниме 1 април Изработка на упатства за користење на здрава храна Англиски III, IV 3- I like spaghetti 4-Help! I
Училиштето има пропишани процедури за грижа за исхраната на учениците. Еден од условите за добро здравје и правилен раст и развој на детскиот организам е правилен однос кон исхраната. Во училиштето се организира топол оброк.

| Акционен план за грижа за здравјето на учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини/ Активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| **Креирање политика за грижа за здравјето на учениците** | Изготвување план за грижа за здравјето на учениците | Тим | Август | **Успешна реализација на планот грижа за здравјето на учениците** |
| **Одржување на хигиена во училиштето** | Дезинфекција на училниците и санитарните јазли | Технички персонал | Во тек на годината | **Добри хигиено здравствени услови во училиштето** |
| **Соработка со здравствени институции за унапредување на здравјето и превенција од болести кај учениците** | Редовни систематски и стоматолошки прегледи на учениците<br>Едукација за одржување на личната хигиена кај учениците | Здравствени работници | Во тек на годината | **Добра здравствена состојба на учениците**<br>**Учениците се запознати со причинителите на разни болести** |
| **Придржување на календарот на имунизација** | **Вакцинирање на учениците согласно календарот на имунизација** | **Здравствени работници** | **Во тек на годината** | **Намалување на појавата на заразни болести кај учениците** |

**Критериум за успех:** подобрени  хигиено- здравствени услови во училиштето, редовен увид во здравствената состојба на учениците,

**Иструменти:** извештаи од спроведени систематски прегледи и вакцинирање на учениците

**Индикатор за успешност:** навремено откривање надеформитети и оштетувања на сетилата за вид и слух кај учениците

**Одговорен за следење:** Слободанка Басотова, Славица Стефановска, сите одделенски и предметни наставници

**Повратна информација:** редовно вакцинирање согласно календарот за имунизација, евиденција од дератизација и дезинфекција во училиштето

**Тим за поддршка:** Слободанка Басотова, Виолета Радулова

Програма за грижа за здравјето на учениците е дадена во прилог бр. 40

## 19.Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

| Акционен план за подобрување на училишната дисциплина | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на Ученичкиот парламент | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Ученичкиот паралмент и учениците , членови на истиот | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

***Критериумиза успех*** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците

***Инструменти*** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници

***Индикатор за успешност*** – намален број советувања на ученици и родители

***Одговорен за следење*** – директор, одделенски раководители, стручни соработници

***Повратна информација***

-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата
-почитување на правилата на однесување во училиштето
-намален број на изречени педагошки мерки за учениците
-намален број на повикани родители на советување
-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во Училиштето.

## 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштет

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество на учениците во естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето- прилог бр.35

## 19.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители). Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

-Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;

- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс.

  Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Правилник за однесува на учениците, наставниците и родителите , во училиштето и училишниот двор е даден во прилог 41

### 19.4 Односи меѓу сите структури

Ефективната организациска комуникација која е карактеристична за нашето училиште се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерот, притоа резултирајќи со подобрување на посветеноста, продуктивносат и организациските резултати. Организациската комуникација ги сплотува сите членови на училиштето и ги води во една насока кон остварување на поставените цели. Училиштето по пат на ефективна комуникација успева да воспостави принципи на успешно училиште, подготвено на промени и динамичност. Организациската комуникација вклучува интеракција помеѓу поединците и групите во училиштето, промовира заеднички вредности, охрабрува тимска работа и развива цврсти врски помеѓу сите структури.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него:

директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи. Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби (ученички екскурзии, предновогодишни прослави, одбележување на празници, новогодишен базар, хуманитарен велигденски базар, заеднички патувања, обуки за комуникација, работилници и сл.)

## 20.Професионален развој на образовниот кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го Законот за наставници концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците, истите да ги планира како и да го следи нивниот професионален развој.

## 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

Програмата за професионален развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во прилог бр.37

## 20.3 Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучен во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионален развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно- образовниот процес, за што изготвува личен план за професионален развој.

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио со докази од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот личен професионален развој.

Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.

## 20.4 Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други ) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

**Акционен план за хоризонтално учење**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства |
| Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми | Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Успешна реализација на програмите во наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата<br>Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

***Критериуми за успех*** – тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето

Учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух и да соработуваат со другите етнички заедници во општеството.

***Инструменти*** –формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирање и посетени часови

***Индикатор за успешност*** – изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО

***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници

***Повратна информација***–
-создавање клима за тимска работка меѓу наставниците
-преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секој поединец во колективот
-развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени долгорочни и краткорочни активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција

## 20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Со цел наставниците и стручните соработници да можат да одговорат на потребите на современите трендови во воспитно- образовниот процес се наметнува потребата од нивен континуиран професионале и кариерен развој.
Согласно Законот за наставници во основните училишта може да напредуваат во следните звања:
наставник, наставник-ментор и наставник-советник.
Стручните соработници исто така можат да напредуваат во звања:стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

Програмата за кариерен развој на наставниците и стручните соработници е дадена во прилог бр.37.

# 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1 Вклученост на родителите /старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2022/2023 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие.

Од родителите се очекува да ги застапуваат интересите на учениците преку своите тела во училиштето (советите на родители) и преку другите тела во чија работа учествуваат (Училиштен одбор). Преку овие тела, родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите треба да имаат удел и во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.

Освен во планирањето, родителите можат да се вклучат и во реализацијата на воннаставните активности, работејќи заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Притоа, родителите можат да се јават во улога на помошници или на носители за активноста заедно со одговорниот наставник и кога се работи за краткотрајни и за подолготрајни воннаставни активности. На тој начин родителите можат да придонесат и за проширување на листата на воннаставни активности што ќе се реализираат во училиштето.
Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Во прилозите се дадени:

Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите прилог бр.38

План за средби со родителите –прилог бр.38.1

Распоред за приемни денови на родителите/старателите –прилог бр.38.2

**Советот на родители**

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од

страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата на училиштето

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Програмата на Советот на родители е дадена во прилог бр.7

## 21.2 Вклученост на родителите /старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се покануваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на

еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“ и „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство” .

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр. „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

**Во донесување одлуки**

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

## 21.3 Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи закани.Родителите се запознаваат со карактеристиките на развојните периоди во кои се наоѓаат нивните деца,

како да им помогнат во учењето, со стиловите на родителство и нивните ефекти како и со препораки за поуспешна комуникација меѓу родителите и децата...

**Изработка на брошура за родители**

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации

## Обврски на родителот:

- да го следи однесувањето, успехот и постигањата на своето дете преку редовно присуство на родителските средби и преку Е-дневникот
- при отсуство на ученикот, да дојде во училиште и да ги наведе причините за отсуство, најдоцна до наредниот одд. час (во спротивно отсуството ќе се смета за неоправдано)
- да го почитува кодексот на однесување во училиште и кодексот на оценување

## Родителот треба да знае дека:

Неоправданото отсуство на ученикот од настава ги повлекува следните педагошки мерки:

- усна опомена
- писмена опомена
- укор
- преместување на ученикот во друга паралелка и
- намалување на поведението
- родителот ќе биде поканет на советување доколку неговото дете има 10 неоправдани изостаноци и доколку има три и повеќе слаби оценки, значително му е опаднат успехот за краток период или покажува несоодветно однесување.




**Контакт информации:**

ул. Лазар Поп Трајков бр. 28, Скопје

тел: 02/3174-006, тел./факс: 02/3173-634

e-mail:ou_stiv_naumov@yahoo.com

https://ou-stivnaumov.edu.mk/


***ООУ "СТИВ НАУМОВ"***
***2022/23год.***
***"Училиштето-дом во кој градиме почит,доверба и соработка"***



## Мисија:

Поттикнување на критичкото мислење кај учениците и градење интеркултурализампреку ненасилна, демократска и инклузивна култура

## Визија:

Ќе ги подобруваме постигањата на учениците преку примена на иновативни образовни приоди и ќе поттикнуваме култура на хоризонтален дијалог, демократска клима и интеркултурализам

## Приоритети:

-Креирање ненасилна училишна култура
-Подобрување на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето

Општинското основно училиште "Стив Наумов" е основано 1948 год. Денес ООУ "Стив Наумов" е деветгодишно училиште во кое образование стекнуваат околу 830 ученици.
Во 1982 год.се воведува целодневна настава која и денес се изведува, а од учебната 2008/09 се воведува и дневен престој.
Училиштето ги опфаќа учениците од населбите Автокоманда, Ќерамидница и Триангла.

**Наставата во училиштето се организира како:**

- редовна -со примена на активни методи на работа и современа технологија;
- дополнителна - за ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на задолжителнните содржини;
- додатна - за оние кои сакаат да научат повеќе;
- продолжителна - за ученици кои покажале слаб успех во текот на учебната година;
- изборна настава;
- слободни ученички активности ;

**Учество на натпревари и манифестации по:** математика, хемија, природни науки, информатика, англиски јазик, прва помош..
- Хорски и оркестарски смотри и сите други општински, регионални и државни натпревари и манифестации

**Училиштето располага со:**

-добро опремена библиотека која им нуди на учениците можност за бесплатно користење на книгите
- кабинети по: хемија, физика, биологија, информатика, ликовно и музичко образование
- современа спортска сала
- фудбалско игралиште со вештачка трева

**Во училиштето се реализираат следниве проекти:**

-Еколошка едукација во македонскиот образовен систем
-Проект за меѓуетничка интеграција во образованието
-Училиште на 21 век

**Етички кодекс на оценување на учениците**

-се однесува на почитување на прифатените одредби од учениците, родителите и наставниците ;
-овозможува зајакнување на стручната и моралната компонента на оценувањето

**Ученикот , неговите постигања и однесување во училиштето :**

-навремено и редовно доаѓање на училиште
-совесно и одговорно извршување на работните задачи
-да учи и да биде активен учесник во наставата и воннаставните активности
-низ учењето да ги развива своите способности и да се изгради како личност со вистински вредности

**Ученикот и неговиот однос кон вработените и соучениците**

-да ја почитува личноста на вработените и другите ученици, без разлика на нивната верска, етничка, родова и национална припадност
-да ги штити интересите на ученичката заедница пред сопствените
-критички да се однесува кон туѓите постапки

**Ученикот и неговиот однос кон работната средина**

-да се грижи и да го чува училишниот инвентар
-да ја одржува хигиената во училиштето и училишниот двор

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Училиштето остварува континуирана соработка со голем број институцииод областа

На образованието, културата, невладини организиции, спортски друштва, медиуми...

**Локална заедница**

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Соработката со локалната зедница најчесто опфаќа:

-соработка со семејството, особено со родителите;
-соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации
-разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалнатазедница;
-информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето;
-вклучување на училиштето во културни и образовни активности што се организираат во локалната средина;
Училиштето може да планира и да спроведува дел од вonнаставните активности (како акции, еднократни работилници, па и секции) во соработка со локалната заедница, овозможувајќи да се подигне општествената одговорност на учениците. Исто така, соработката на училиштето со локалната заедница подразбира и организирање на заеднички настани преку кои ќе се промовираат воннаставните активности и нивните продукти не само пред родителите, туку и надвор од училиштето.

Училиштето подготвува програми и организира активности за одбележување на значајни прослави (празник на училиштето, државни празници, а особено по повод на започнувањето на наставата и завршувањето на наставната година и др.) од кои дел се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Низ овие активности училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.)

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко.

**Институции од областа на културата**

Во текот на годината се организираат посети на музеи( Музеј на град Скопје, на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви(Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети( Тумба-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа).

Училиштето остварува соработка со театарот„Чекори“ и ансамблот на народни песни и игри „Јонче Христовски“.Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ,Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта, Филозофскиот и Педагошкиот Факултет.Соработката со основните училишта од општина Гази Баба, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите како и со Институт за психологија при организирање на задолжителна пракса на студентите.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско Село Македонија, Црвениот Крст на Македонија, Прва детска амбасада "Меѓаши" и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

**Спортски друштва**

Уилиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометниот клуб „Металург", кошаркарскиот клуб "Феникс", „Кик-бокс " клуб за боречки вештини и одбојкарскиот клуб „Автокоманда" , клуб за модерни танци ,,Еурека,, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

**Здравствени организации**

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Ченто", Амбуланта Автокоманда ,Заводот за ментално здравје и други институции кои пружаат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

**Медиуми** (со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветен работник, Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Цел | Одговор лица | Начин и време на следење | Очекуван и резултати | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање,програмирање и подготовка на сите нивоа** | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Директор, стручни соработници, заменик директор | -Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата<br>-Август, ноември,февруари, мај | Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето | Директор<br>Наставници,<br>Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на учениците** | Подобрување на успехот кај учениците | Одделенски и предметни наставници и БРО преку одговорен советник | Усно испитување, писмени работи , тестови, практична работа,<br>тековни следења<br>Континуирано | Подобрен успех и повисоки резултати | Стручни соработници<br>Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците** | Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | Директор, стручни соработници, заменик директор | Посета на наставни часови, примена на инструмент за следење на наставата<br>Октомври, декември, март, мај | Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники | Директор,<br>Стручни соработници<br>наставници |
| **Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар** | Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса | Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции, БРО и др. | Состаноци на стручни активи, отворени часови<br>посета на семинари,<br>обуки и самообразование<br>Согласно програмите на стручните активи | Постојано развивање на компетенциите на кадарот во училиштето заради одржување на висок | Директор<br>Тим за професионален развој<br>Стручни соработници |
| **Водење на** | Уредно | Директор, | Увид во | Точно, | Директор, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **педагошка евиденција и документација** | водење на педагошка евиденција и документација | стручни соработници,заменик директор, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат | педагошката евиденција и документација Септември, ноември,февруари, мај | навремено, прецизно внесување | Стручни соработници, Одговорни наставници |
| **Користење на информатичко комуникациска технолологија во настава** | Зголемување на искористеноста на компјутерите во наставна и воннаставна дејност | Директор, стручни соработници, заменик директор | Посета на наставни часови Октомври, декември, март, мај | Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| **Изработка на извештаи, анализи и информации** | Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето | Директор, стручни соработници, задолжени наставници | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови Тромесечно , полугодишно и годишно | Подобар квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Родители, Ученици, |
| **Реализација на годишна програма** | Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето | Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локална самоуправа и одговорен советник при БРО | Состаноци , анализа на извештаи, Програма за следење Континуирано | Реализирана програма | Општина, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ |

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите воспитно - образовни активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на активностите на сите субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница и истата се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување.
Евалуацијата на Годишната програма за работа го вклучува квалитетот во работата, односно придонесува за воочување на силните и слаби страни во работењето на училиштето.Добиените резултати овозможуваат поставување приоритетни подрачја за следната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели.

**Области на евалуација :**
Наставен план и програма
Постигања на ученици
Учење и настава
Поддршка на ученици
Училишна клима
Ресурси
Унапредување и раководење

**Индикатори за секоја област:**
Планирања на наставниците
Наставен процес
Искуства на учениците од учењето
Задоволување на образовните потреби на учениците
Оценување, како дел од наставата
Известување за напредокот на учениците
За евалуација на работата на училиштето ќе се прибираат повеќе индикатори, односно докази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата..

## 25. Заклучок

Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 год е планирана целокупната воспитно-образовна дејност, носителите на активностите како и начинот на нивно координирање во училиштето и во непосредната локална заедница. На тој начин се обезбедува перманентно подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности и условите за учење што допринесува за целокупниот развој на учениците и севкупниот училишен живот. Со годишната програма за работа е направен обид да се разработат и конкретизираат воспитно - образовните цели и задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати. Училиштето ќе настојува да обезбеди висок степен на одговорност и професионалност во извршувањето на поставените цели и задачи.

Степенот на реализација на планираните активности не зависи само од квалитетот на годишната програма, туку и од ангажманот на сите вработени, помошта и поддршката од родителите на учениците и пошироката општествена заедница. Реализацијата на програмските активности ќе придонесе за унапредување на воспитно-образовниот процес односно напредок на учециние согласно индивидуалните можности, способности и интереси, наставници компетентни за имплементација на имплементација на реформи и современи приоди во наставата, активна вклученост на сите субјекти во планирањето и остварувањето на поставените училишни приоритети, мисија и визија.

## 26. Годишната програма за работа на училиштето е изработена од страна на тимот:

Елизабета Јовановска -директор

Биљана Василевска-педагог

Билјана Теовска-дефектолог

Александра Атанасовска Крстевска -психолог

Татјана Арсова-наставник по англиски јазик

Анета Младеновска-одделенски наставник

Славица Стојаноска- одделенски наставник

Владанка Михајловска- наставник по информатика

Милан Стојчевски -ученик, претставник од Ученички парламент

## Користена литература:


1. Законот за основно образование;

2. Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;

3. Концепција за деветгодишно образование;

4. Концепција за воннаставни активности во основното образование;

5. Правилник за формата и содржината на развојната програма на училиштето;

6. Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;

7. Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;

8. Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта;

9. Наставни планови и наставни програми за деветгодишно основно образование;

10.Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;

11.Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта;

12.Концепција за инклузивно образование;

13.Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование;

14.Правилник за начинот на изведување екскурзиите, излетите и другите вонучилишшни активности на учениците од основните училишта;

15.„Надарено дете“ – проф. д-р Виолета Арнаудова и проф. д-р Елена Ачковска;

16.„Пат до објективно оценување“ – Г. Ѓоргиевски, Р. Петковски;

17.„Училишна докимологија“ – К. Поповски;

18.Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците – К. Поповски;

19.Професионална ориентација и избор на професии – И. Цветковски;

20.Професионална оријентација у основној школи – Ф. Јакелиќ;

21.Водич за работа на инклузивен тим – Биро за развој на образованието


М.П

| Претседател на УО | Директор |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| / Димитар Проданов / | / Елизабета Јовановска/ |

# ПРИЛОЗИ

## *Прилог 1*

### *Годишна програма за работа на директорот*

Програмата за работа на директорот е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2021/2022 год., годишната прогарма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 год и Правилникот за професионални компетенции за директор во основно училиште.

Основа за планирање на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и потребите на корисниците на услугите - ученици и родители, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно-образовниот процес. При вршењето на својата раководна и менаџерска функција директорот ќе се раководи од неговата програма за работа на училиштето. Обврски на современиот директор:

• да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.

• да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност.

• да обезбедува услови на организција, да ги усогласи барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат и др.)

• да обезбеди континуирано користење информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија.

• да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитно –образовниот процес во училиштето и образованието.

Директорот, како раководител во училиштето, предметот и содржината на својата програма за работа ја усогласува со професионалните компетенции за работа кои опфаќаат знаења, вештини и професионални вредности во следните подрачја:

**1. ВОДСТВО**

– *Стратешко водство*
– *Училишна клима и култура*
– *Соработка со родителите и заедницата*

**2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ**

- *Комуникација и односи со јавноста*
- *Унапредување на меѓучовечките односи*
- *Професионален и кариерен развој*
- *Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање*

**3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

- *Планирање*
- *Поддршка на наставата и учењето*
- *Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)*
- *Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот*

**4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ**

- *Раководење со финансиските ресурси*
- *Раководење со материјалните ресурси*

**5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

- *Примена на законски и подзаконски акти*
- *Изработка и примена на интерни акти и документација*
- *Раководење со административните процеси*
- *Примена на информациските системи во училиштето*

По потреба Годишната програма за работа на директорот на училиштето може да се менува во согласност со актуелните тековни состојби и препораки од воспитно образовната дејност

***Оперативна програма за работа на директорот***

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал | Подготовка за успешен почеток на учебната година. | Стручни активи, Стручни соработници Наставници,Активи | Август |
| Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и | Да се увидат и применат сите новини и промени | Министерство за образование, Педагошки | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бирото за развој на образованието на РМ | | завод и претставници на Министерството | |
| Насоки и координација во планирањето и програмирањето | Планирањето и програмирањето да се изврши квалитетно според наставниот план и програм | Директор, Стручни соработници | Август |
| Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето, особено организирање на програма за прием на првачиња | Да се одбележи почетокот на учебната година. | Стручни активи, Стручни соработници, Одделенски раководители | Август |
| Увид во годишните и тематските распределенија (планирања) на наставниците. | Да се види квалитетот на планирањето и да се укаже на недостатоците. | Директор, Стручни соработници, Наставници | Септември |
| Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент | Да даде подршка на учениците членови на ученички парламент | Директор, одговорни наставници, ученици претставници на ученички парламент | Септември |
| Работа со наставниците почетници | Заеднички да се индентификуваат проблемите во планирањето и организирањето на наставата | Стручни соработници Претседатели на активи Наставници - ментори | Септември Континуирано |
| Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот. | Да се уреди училишниот двор. | Директор,Хигиеничари, Наставници,Ученици | Континуирано |
| Подготвува програма за развој | Во соработка со тимовите за самоевалуација ќе се подготвива програма за развој | Директор, тимови за самоевалуација, тим за подготовка на програмата за развој | Септември-декември |
| Увид во работата на проектите | Да се започне со изготвување на одделенските “портфолио”. | Директор, Стручни соработници, Наставници | Септември |
| Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошката документација во училиштето | Да се види квалитетот на планирањето и де се отстранат евентуалните грешки. | Директор, Стручни соработници Наставници | Септември |
| Увид и давање упатства за ажурирање на е-дневник ЕМИС и ХРМ | Да се види навремено внесување и водење е-дневник (внесување на новозапишани ученици, распоред на часови, планирани писмени проверки...) | Директор, Администратори за ЕМИС и ХРМ | Континуирано |
| Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до дирекророт | Да се види квалитетот на планирањето и да се отстранат евентуалните грешки | Директор, Стручни соработници | Септември |
| Работа со одделенски раководители за | Да се упатат одд.раководители за правилно и | Директор, Стручни | Септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реализирање на одделенски часови | функционално реализирање на одд. час | соработници,<br>Одделенски раководители | |
| Увид во организационата поставеност на ученичките организации и воннаставните активности | Да се направи увид во функционалноста и организираноста на воннаставните активности | Директор, Стручни соработници<br>Наставници | Септември |
| Увид во ЛППР на наставниците | Да се увидат потребите на наставниоот кадар и стручните соработници | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Одговорни на стручен актив | Септември-Октомври |
| Подготовка и реализација на екскурзии | Добро осмислување и реализирање на екскурзиите. | Директор, Стручни соработници,<br>Наставници | IX-X, V-VI |
| Размена на искуства со други директори | Стекнување на нови искуства од областа на раководењето | Директор | Во текот на цела година |
| Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето , задолженија по активи , програма и сл. | Успешно да се реализираат подготовките за патрониот празник на училиштето. | Директор,<br>Стручни активи, Стручни соработници | Октомври |
| Подготовка и спроведување на дисеминација на на проекти и проектни активности | Овозможување услови за дисеминација на проекти и проектни активности | Директор,<br>Координатор на проектот | Октомври |
| Помош во реализација на проектите:<br>-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем<br>-Проект за меѓуетничка интеграција во образованието<br>-Училишта на 21 -от век | Изготвување на програма за проектот како дел од Годишната програма за работа на училиштето | Директор,<br>Координатор на проектот | Октомври |
| Посета на часови од I до IX одд. | Непосреден увид во квалитетот на планирањето и реализирањето на наставата, со цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата | Директор,<br>Стручни соработници | Октомври |
| Преглед на одделенските книги (дневници ) | Со цел правилно да се евидентираат соджините во нив и нивниот реден број | Директор,<br>Комисија за преглед | Октомври |
| Увид во главната книга –запишување на првоодделенците. | Да се види квалитетот на извршените задачи. | Директор,<br>Стручни соработници | Октомври |
| Увид во дневните подготовки на наставниците | Да се види дневната подготовка за час и примената на современи форми и методи. | Директор,<br>Стручни соработници | Октомври |
| Контрола во начинот на водење на | Да се увиди дали правилно се водат | Директор, Стручни | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| професионалните досиеја на наставниците | професионалните досиеја | соработници | |
| Организација и изведување на екскурзии низ Р. Македонија-маршрута и траење. | Да се запознаат учениците со местата кои ќе ги посетат. | Директор, наставници | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми,методи и средства во наставата | Да се унапредува воспитно-образовната работа во училиштето | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Увид во водењето на педагошката евиденција и документација | Поефикасно водење на педагошката евиденција и документација | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Организација и прием на првачињата во Детската организација. | Организирано стапување на децата во детската организација. | Одговорен наставник | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми, методи и средства во наставата. | Да се унапредува воспитно-образовната работа во училиштето. | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Увид на часовите од дополнителна и додатна настава со цел да се оцени нејзината ефикасност и изготвување на извештај на извршените педагошки увиди | Да се види ефикасноста од реализацијата на додатната и дополнителната настава | Директор, Стручни соработници | Октомври |
| Усовршување на формите за соработка со родителите. | Да се запознаат и иницираат родителите за поголема соработка со училиштето. | Директор, Стручни соработници , Родители | Континуирано |
| Увид во работата на хигиеничарите. | Да се подобри хигиената во училиштето и санитарните јазли. | Директор, Хигиеничари | Континуирано |
| Организација и одржување на Одделенските совети за првото тромесечие. | Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите. | Директор, Стручни соработници наставници | Ноември |
| Подготовка , одржување разгледување и анализа на успехот и дисциплината на учениците во првото тромесечие на Наставнички совет. | Анализа на успехот и поведението во ова тромесечие. | Директор, Стручни соработници наставници | Ноември |
| Увид во работата на Стручниот актив, Посета на нагледен час во паралелка со примена на современи форми на наставна работа | Да се види час во кој се применети современи форми на наставна работа | Директор, Стручни соработници , Наставници | Ноември |
| Анализа на структурата со реализираниот час со наставниците на ниво на стручен актив | Да се увидат позитивните и негативните страни и да се разменат идеи | Директор, Стручни соработници, Наставници | Ноември |
| Увид во одделенските книги во реализација на редовната и | Да се види како се реализираат програмите од редовната настава и воннаставните | Директор, Стручни активи, | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вонnаставните активности | активности. | Стручни соработници | |
| Консултативни состаноци во ПЕ на МОН-Гази Баба | Запознавање со новините во воспитно-образовниот процес | Директор, Претставници на ПЕ-Скопје | По потреба |
| Следење на работата на стручните соработници | Давање сознанија и сугестии за унапредување на компетенциите на стручниот соработник кој ќе ги користи при планирање на професионалниот развој | Директор | Ноември |
| Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава како и примена на ИКТ во наставата | Да се види квалитетот на реализацијата на дополнителната и додатната настава | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Следење на квалитетот на работата на наставниците | Непосреден увид во квалитетот на планирањето и реализирањето на наставата, со цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата, давање на насоки за понатамошна работа | Директор, Стручни соработници | Декември |
| Следење и насоки за поуспешна реализација на програмите за воннаставни активности | Да се види квалитетот на точките за приредбите/патронатот | Директор, Стручни соработници, Наставници | Декември |
| Увид во дневниците со акцент на оценувањето и примена на формите на оценувањето на знаењето на учениците | Упатување на наставниците во правилно користење на формите на оценувањето | Директор, Стручни соработници Наставници | Декември |
| Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата , недисциплина и соработка со нивните родители | Да се спречат несаканите појави и оштетување на инвентароти да се отстранат причините за нередовно посетување на наставата | Директор, Стручни соработници Одделенски раководители | Континуирано |
| Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие. | Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите. | Директор, Стручни соработници , Наставници | Декември-јануари |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие. | Анализа на успехот и поведението на учениците во првото полугодие. | Директор, Стручни соработници Наставници | Декември - јануари |
| Подготовки и учество во одржување на родителските средби | Разрешување на тековни проблеми. | Директор, Стручни соработници, Одделенски раководители | Декември-Јануари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување полугодишен извештај за работата на учениците во првото полугодие | Да се соберат податоци за квалитетен полугодишен извештај | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јануари |
| Разговор со наставниците за проблемите кои се јавуваат кај нив при реализацијата на програмските задачи | Да се идентификуваат и отстранат проблемите за поуспешно одвивање на наставата | Директор, Наставници | По потреба |
| Увид во работата на пописната комисија | Да се види квалитетот на извршениот попис | Директор, Чл. на пописна ком. | Декември/ јануари |
| Состанок со Училишниот одбор- разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето | Да се информира Училишниот одбор за содржината на полугодишниот извештај | Директор, Секретар, Сметководител, Членови на УО | Јануари |
| Предавања против болести на зависност и социо-девијантните појави | Заштита, превенција и отргнување на учениците од овие пороци | Директор,Стручни активи , Стручни соработници, | Јануари |
| Присуство и учество во работата на Стручните активи | Да се види како се реализираат предвидените задачи со програмите и квалитетот на извршените задачи. | Наставници , Стручни соработници, | Тековно |
| Увид во водење на педагошката евиденција и документација | Поефикасно водење на педагошката евиденција и документација | Директор, Комисија за прегледување | Јануари |
| Учество и насоки за професионално ориентирање на учениците од IX одд. | Помош на учениците за избор на идно занимање | Директор, Стручни соработници,Наставници | Во текот на цела година |
| Увид во работата на библиотеката- стручен и детски печат(списанија) | Да се зголеми бројот на претплата на детски печат | Директор, Библиотекар | Февруари |
| Увид во работата на училишниот парламент | Поднесување извештај за работата на ученичката заедница | Директор, Одговорни наставници | Февруари |
| Консултација со стручните соработници и превземање мерки за подобрување на успехот и дисциплината на учениците. | Упатување на стручната служба да организираат работилници со родители и ученици за подобрување на успехот и дисциплината на учениците | Директор, Стручни соработници | Февруари |
| 1. | Значење на водата за живиот свет | *Музичко образование<br>*Природни науки<br>*Англиски јазик | II<br>V<br>IV | Еколошка песна- Чувајте ја водата<br>Воден циклус<br>Увежбување вокабулар-животни | 1<br>1<br>1 | Јуни<br>Сепември<br>Март |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | | | | | |
| 3. | Загадување на водата | | | | | |
| 4. | Рационално користење на водата | Македонски јазик<br>Англиски јазик | III<br>I | Пишување реченици<br>Обработка на вокабулар-цртање,илустрирање | 1<br>1 | Јануари<br>Март |
| 5. | Обезбедување на техничка вода | | | | | |
| 6. | Здрава вода за пиење | *Природни науки<br>*Музичко образование | I<br>V | Чиста вода за пиење<br>Слушање музика по избор | 1<br>1 | Декември<br>Декември |
| 7. | Собирање и употреба на дождовница | | | | | |
| 8. | Анализа на состојбата на водоводната инсталација | Македонски јазик | IV | Писмено изразување-<br>Кога бев чиста вода | 1 | Февруари |
| 9. | Изработка на упатства за рационално користење на водата | Техничко образование | IV | Искористување на вода, ветер и сонце | 2 | Март |
| 10. | Подигање на свеста на поширокатa заедница (домот, локалната заедница и сл.) | | | | | |
| 11. | Дистрибуција на водата | | | | | |
| 12. | Водата и климатските промени | | | | | |
| 13. | Водата и одржливиот развој | | | | | |

## II.ТЕМА: ЕНЕРГИЈА

| Еколошки содржини | | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на енергијата за живиот свет | Физичко и здраствено образование | IV | Електрична енергија во нашите животи | 1 | Декември |
| 2. | Извори на енергија и нивна искористеност | | | | | |
| 3. | Видови енергија | * Општество<br>*Англиски јазик | V<br>IV | Алтернативни можности<br>Увежбување There is-There are | 1<br>1 | Март<br>Ноември |
| 4. | Рационално користење на енергијата | *Општество<br>*Македонски јазик<br>*Општество | I<br>II<br>III | Опасности во домот<br>Креативно изразување-Како ја штедиме електричната енергија<br>Грижа за домот и опасностите | 1<br>1<br>1 | Јануари<br>Октомври<br>Јануари |
| 5. | Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници | | | | | |
| 6. | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | Природни науки | V | Светлина на училници | 1 | Февруари |
| 7. | Анализа на состојбата на електричната инсталација | | | | | |
| 8. | Подигање на свеста на пошироката заедница (домот, локалната заедница и сл.) | | | | | |
| 9 | Дистрибуција на енергијата | | | | | |
| 10 | Врската помеѓу енергијата и емитувањето на карбон диоксид | | | | | |
| 11 | Енергијата и климатските промени | Англиски јазик | I | Песничка за дождот | 1 | Март |
| 12 | Енергијата и одржливиот развој | | | | | |
| 13 | Значење на енергијата за живиот свет | | | | | |

## IV.ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР

| Еколошки содржини | | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на дворот | Општество | I | Во училишен двор | 1 | Декември |
| 2. | Биодиверзитетот во дворот | | | | | |
| 3. | Анализа на функционалноста на дворот | | | | | |
| 4. | Важноста на хигиената во дворот | | | | | |
| 5. | Подигање на свеста на поширокaта заедница за хигиената во дворот | Опшество | III | Го разубавувам моето училиште | 1 | |
| 6. | Изработка на упатства за одржување на дворот | *Физичко и здр.образ. | II | Еко патрола-Проверување на хигиената во дворот | 1 | Март |
| | | *Англиски јазик | IV | Увежбување на заповеден начин | 1 | Април<br>Ноември |
| | | *Англиски јазик | I | Повторување, слушање и пеење на песничка | 1 | |
| 7. | Наводнување на зелени површини | Ликовно образование | IV | Колаж-Ден на пролетта | 1 | Март |
| 8. | Хортикултурно уредување | Ликовно образование | V | Комплементарен контраст | 1 | Октомври |
| 9. | Компост и компостирање | | | | | |

## V.ТЕМА: ОТПАД

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови отпад | | | | | |
| 2. | Анализа на отпадот во зградата и дворот | | | | | |
| 3. | Селекција на отпад | Ликовно образ.<br>Англиски јазик | III<br>IV | Изработка на предмети<br>Увежбување на предлози | 1<br>1 | Април<br>Декември |
| 4. | Рециклирање | Природни науки<br>Техничко образование | II<br>IV | Природни и вештачки материјали<br>Рециклирање стара хартија | 1<br>1 | Декември<br>Ноември |
| 5. | Реупотреба | Англиски јазик | I | Предмети во училиштето,илустрација | 1 | Октомври |
| 6. | Депонии и диви депонии | | | | | |
| 7. | Влијанието на отпадот врз здравјето и средината | Музичко образование<br>Македонски јазик | I<br>V | Пеење песни за екологија<br>Чистотата е половина здравје | 1<br>1 | Април<br>Февруари |
| 8. | Подигање на свеста на пошироката заедница за управување со отпад | | | | | |
| 9. | Изработка на упатства за управување со отпад | | | | | |
| 10. | Анализа на состојбата со отпадот во зградата и дворот | | | | | |
| 11. | План за намалување на отпадот | | | | | |

## I.ТЕМА: ТРАНСПОРТ

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | Општество | I | Сообраќајни средства | 1 | Мај |
| 2. | Влијанието на транспортот врз здравјето | Општество | V | Глобален свет и сообраќај | 1 | Мај |
| 3. | Влијанието на транспортот врз животната средина | Општество | III | Вело-трки | 1 | Мај |
| 4. | Анализа на состојбата со локалниот транспорт | | | | | |
| 5. | Транспортот и безбедноста | Општество<br>Општество | II<br>IV | Сообраќајни знаци<br>Регулирање на крстосница со сообраќајни знаци и светлосна сигнализација(велосипедски патеки) | 1<br>1 | Април<br>Мај |
| 6. | Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед | | | | | |
| 7. | Изработка на упатства за користење на јавен превоз и велосипед | | | | | |

**(предметна настава)**

## I. ТЕМА: ВОДА

| Еколошки содржини | | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на водата за живиот свет | Музичко образование | VII | Тема:3 Слушаме музика „Дојрана“ Т.Прокопив | 1 | Септември |
| | | Германски јазик | VII | Какво утро | 1 | Јануари |
| | | Македонски јазик | VII | Анализа на домашна задача на тема: „Размислувам за значењето на енергијата за живиот свет“ | 1 | Февруари |
| | | Математика | VIII | Презентација, анализа и толкување на податоци | 1 | Мај |
| | | Историја | VII | Големите географски откритија | 1 | Декември |
| | | Англики јазик | VI | Значење на водата за живиот свет | 1 | Јануари-Февруари |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | Македонски јазик | VIII | Анализа на песната „Крај изворот на Вардар“ | 1 | Декември |
| | | Македонски јазик | VIII | Изработка на упатства за рационално користење на водата | 1 | Декември |
| 3. | Загадување на водата | Македонски јазик | IX | Анализа на извадок од поемата„Вардар“А.Поповски | 1 | Септември |
| | | Математика | VII | Примена на статистиката во секојдневниот живот | 1 | Мај |
| | | Хемија | IX | Реагирање на метали | 1 | Февруари |
| | | Географија | VII | Заштита на водата од загадување | 1 | Мај |
| 4. | Рационално користење на водат | Музичко образование | VII | Т: бр.3 Слушање музика „Дојрана“ Т. Прокопиев | 1 | Септември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Француски јазик | VIII | Сегашно време од условен начин- pouvoir, vouloir | 1 | Април |
| 5. | Здрава вода за пиење | Физичко | VIII | Штафетно трчање | 1 | Март |
| | | Германски јазик | VI | „Две млека, молам“ | 1 | Октомври |
| | | Историја | VI | Сметање на времето и поделба на историјата | 1 | Септември |
| 5. | | Географија | VI | Подземни води и извори | 1 | Март |
| 6. | Анализа на состојбата на водоводната инсталација | Физика | IX | Притисок  кај течностите | 1 | Октомври |
| 7. | Изработка на упатства за рационално користење на водата | Ликовно образование | VIII | Дизајн и визуелни  комуникации Графички дизајн во функција  на изработкана упатства за рационално користење на водата | 1 | Декември |
| | | Етика во религии | VI | Основни вредности на заедничкото живеење (грижа пошош, солидарност, разбирање, почитување) | 1 | Декември |
| | | Информатика | VII | Обработка на текст | 1 | Ноември |
| 8 | Водата и климатските промени | Англиски јазик | VIII | Used to+infinitive-увежбување | 1 | Април |
| | | Природни науки | VI | Ефект на стаклена градина и климатски промени | 1 | Февруари |
| 9 | Водата и одржливиот развој | Историја | VI | Најстарите цивилизации | 1 | Октомври |

## II.ТЕМА: ЕНЕРГИЈА

| Еколошки содржини | | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на енергијата за живиот свет | Англиски јазик | VI | Рационално користење на ел.енергија | 2 | Октомври Ноември |
| | | Македонски јаз. | VII | Есеј „Размислувам за значењето на....“ | 1 | Февруари |
| 2. | Извори на енергија и нивна искористеност | Историја | VIII | Индустриски подем на Европа | 1 | Септември |
| | | Математика | IX | Споредба на две или повеќе расподелби | 1 | Декември |
| 3. | Видови енергија | Математика | VIII | Изведување на заклучоци врз основа на дијаграм и едноставна статистика | 1 | Декември |
| | | Математика | VII | Истражување Прибирање на релевантни податоци | 1 | Јуни |
| | | Македонски јазик | VIII | „Песна за Сонцето“ | 1 | Декември |
| 4. | Рационално користење на енергијата | Физика | IX | Намалување на топлинска загуба | 1 | Ноември |
| | | Хемија | VIII | Дали сите материјали се исти | 1 | Октомври |
| | | Математика | VII | Проектна задача | 1 | декември |
| | | Англиски јазик | VI | Like+… | 1 | Ноември |
| | | ТО | VI | Технички апарати во мојот дом | 1 | Септември |
| | | Англиски јазик | VIII | Модални глаголи can, must, should | 1 | Септември |
| | | Англиски јазик | VIII | Модални глаголи can, must, should | 1 | Септември |
| | | Француски јазик | VII | Безличнио глагол falloir | 1 | |
| | | Германски јазик | IX | Elektronische Freunde | 1 | Март |
| | | Музичко образование | VI | Т. Бр. 6 Изразување и творење „ Виножито“ | 1 | Мај |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | Ликовно образование | IX | Дизајн и визуелни комуникации Графички дизајн во функција на изработка на упатства за рационално користење на енергијата | 1 | Февруари |
| | | Етика во религии | VI | Однесување кон себе и кон другите-обработка | 1 | Декември |
| 6. | Подигање на свеста на пошироката заедница (домот, локалната заедница и сл.) | Германски јазик | VIII | Опис на соби | 1 | Мај |
| | | Хемија | IX | Истражување на согорувањето на горивата | 1 | Мај |
| 7. | Енергијата и климатските промени | Информатика | VII | Мултимедијални презентации | 1 | Март |
| | | Географија | IX | Влијанието на глобалното затоплување врз животот во поларните области | 1 | Мај |

## IV.ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР

| Еколошки содржини | | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на дворот | Историја | IX | Општествено политички и економски прилики во Македонија | 1 | Мај |
| | | Историја | VIII | Ослободителните движења на балканските народи под османлиска власт | 1 | Февруари |
| | | Музичко образование | VII | Песна „Денес насадив дрво“ | 1 | Октомври |
| | | Македонски јазик | VIII | Писмена вежба „Есента во мојот град“ | 1 | Ноември |
| | | Англиски јазик | VIII | Увежбување на вештини на говорење | 1 | Октомври |
| 3. | Анализа на функционалноста на дворот | Англиски јазик | IX | Сврзници-формирање сложени реченици | 1 | Април |
| 4. | Важноста на хигиената во дворот | Германски јазик | IX | So wohne ich | 1 | Октомври |
| | | Природни науки | VI | Расфрлање отпадоци | 1 | Девруари |
| | | Математика | VII | Решавање проблеми<br>Работа со податоци Веројатност | 1 | Декември |
| | | Природни науки | VI | Расфрлање отпадоци | 1 | Февруари |
| | | Биологија | IX | Фотосинтеза | 1 | Ноември |
| 5. | Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената во дворот | Географија | VIII | Загрозување, загадување и заштита на животната средина на Јужна Европа | 1 | Ноември |
| | | Етика во религии | VI | Изработка на кодекс | 1 | Септември |
| | | Македонски јазик | IX | Говорна вежба „Како да ја подигнеме еколошката свест“ | 1 | Декември |
| 6. | Изработка на упатства за одржување на дворот | Македонски јазик | VII | Опис на пејзаж и природна појава | 1 | Април |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ликовно образование | VII | Дизајн и визуелни комуникации Графичкиот дизајн во функција на изработка на упатства за оржување на хигената во дворот | 1 | Февруари |
| | | Англиски јазик | VII | Повторување за модални глаголи must, should | 1 | Септември |
| 7. | Хортикултурно уредување | Музичко образование | VI | Т. Бр. 1 Пеење песни „Денес насадив дрво“ | 1 | Април |
| | | Англиски јазик | IX | Искажување редослед на настаните-Садење цвекиња | 1 | Мај |
| | | Англиски јазик | VI | Хортикултурно уредување | 2 | Ноември |
| | | Математика | IX | Решавање на проблем поврзан со плоштина и периметар на круг | 1 | Ноември |
| | | Македонски јазик | VII | Современа драма (извадок од драмата „Булки крај шините“ од В. Николевски) | 1 | Мај |
| | | Биологија | VII | Бесполово размножување на растенијата | 1 | Април |
| | | Француски јазик | VII | Безлични глаголи (поврзани со временски услови) | 1 | |
| | | Информатика | VII | Табеларни пресметувања-Мапирање на слика со поставување коментари во ќелии | 1 | Мај |
| | | Германски јазик | VII | Кај Мануел дома | 1 | Февруари |
| | | Историја | VI | Животот на човекот во камено и метално време | 1 | Септември |

## V.ТЕМА: ОТПАД

| | Еколошки содржини | Предмет | Одд. | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови отпад | Географија | VII | Заштита на замјиштето од деградација | 1 | Мај |
| | | Хемија | VIII | Споредување на материјали | 1 | Септември |
| | | Англиски јазик | IX | Електронски отпад | 1 | Ноември |
| | | Историја | VII | Создавање и развитокот на средновековните градови | 1 | Декември |
| | | Математика | VII | Дијаграм на фреквенција за групирани дискретни податоци | 1 | Декември |
| | | Математика | VIII | Прибирање и видови податоци Табела со фреквенции | 1 | Декември |
| | | Географија | VI | Видови почви | 1 | Февруари |
| | | Музичко образование | VI | Т. Бр. 1 Пеење песни „Ајде Лилке да бегаме“ | 1 | Април |
| | | Француски јазик | VIII | Барање и давање инструкции | 1 | Ноември |
| 2. | Анализа на отпадот во зградата и дворот | Математика | VI | Работа со податоци 2 | 1 | Декември |
| | | Информатика | VII | Табеларни пресметувања-Табели и графикони | 1 | Мај |
| 3. | Селекција на отпад | Германски јазик | VII | Сестра ми е тука | 1 | Февруари |
| | | Математика | IX | Статистички пресметувања и избор на статистика која е поврзана со проблемот | 1 | Декември |
| | | Англиски јазик | VIII | Present perfect tense-увежбување граматичка содржина | 1 | Март |
| | | Англиски јазик | IX | Донесување логични заклучоци-презентирање комуникативен модел | 1 | Декември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Англиски јазик | VIII | Present perfect - увежбување | 1 | Март |
| 4. | Рециклирање | Природни науки | VI | Намали, повторно употреби, рециклирај | 1 | Февруари |
| | | Природни науки | VI | Намали,повторно употреби, рециклирај | 1 | Февруари |
| | | Музичко образование | VI | „ Ајде моме да бегаме“ | 1 | Април |
| | | Биологија | VIII | Производтсво на органска храна | 1 | Декември |
| | | Историја | VII | Животот и културата во Македонија од XV до XVIII | 1 | Мај |
| 5. | Реупотреба | Ликовно образование | VI | Сликање реупотреба на отпадот во функција на креирање на слика објект „асамблаж“ | 1 | Март |
| 6. | Депонии и диви депонии | Историја | VIII | Индустриски подем на Европа | 1 | Септември |
| 7. | Влијанието на отпадот врз здравјето и средината | Македонски јазик | VI | „Немаме резервна планета“-поим за интервју | 1 | Март |
| | | Историја | VIII | Животот и културните услови на балканот | 1 | Февруари |
| | | Физичко | IX | Игро на два гола со примена на изучени елементи | 1 | Мај |
| | | Македонски јазик | VI | Интервју на тема„Влијанието на отпадот врз здравјето и животот на човекот“ | 1 | Март |
| | | Македонски јазик | IX | Анализа на текстот„Борба со рибата“од Е.Хемигвеј | 1 | Март |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Подигање на свеста на поширoката заедница за управување со отпад | Биологија | IX | Местото и улогата на човекот во биосферата | 1 | Во текот на цела учебна година |
| | | Француски јазик | VIII | Заштита на околината | | Октомври |
| | | Македонски јазик | VIII | Лектира „Бојан“ од Глигор Поповски | 1 | Декември |
| | | Етика во религии | VI | Повторување-еко акција | 1 | Декември |

## VI.ТЕМА: ТРАНСПОРТ

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | Македонски јазик | IX | Обработка на лектира | 1 | Декември |
| 2. | Влијанието на транспортот врз животната средина | Македонски јазик | VIII<br>VI | Есеј на тема„Велосипедот на...“ | 1 | Јуни |
| | | ТО | VI | Хигиенско уредување на велосипед | 1 | Септември |
| | | ТО | | Користење на енергијата | 1 | Септември |
| 3. | Транспортот и безбедноста | ТО | VI | Модел на семафор | 1 | Септември |

Еко кординатор Марина Г.

## Прилог 4. Следење и евалуација

Методи кои ќе се користат при евалуација на планот на активности од програмата за еколошка едукација во образованието се следните: набљудување (опсервација), интервју и анкетни прашалници, еко извештаи, анализи... Во следењето и евалуацијата на планот на активности се посочуваат конкретни индикатори за мерење на успехот и постигвањата од спроведените активности и придобивките на училишната заедница од истите.

За одделенска и предметна настава при евалуација на планот на активности од програмата може да се искористи следнава табела:

| **СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПЛАНОТ НА АКТИВНОСТИ ОД ЕКОЛОШКАТА ПРОГРАМА** | | |
|---|---|---|
| **ИСХОДИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **ОДГОВОРНИ ЛИЦА** |
| **I ЕКО-СТАНДАРД:**<br>**ВОДА** | Значење на водата за живиот свет<br>Рационално користење на водата<br>Подигнување на свеста на пошироката заедница | Еко – одбор (одговорно лице), наставници, ученици |
| **II ЕКО-СТАНДАРД: ЕНЕРГИЈА** | Рационално користење на енергијата<br>Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | Еко – одбор(одговорно лице), наставници, ученици |
| **IV ЕКО-СТАНДАРД: УРЕДЕН ДВОР** | Изработка на упатства за одржување на дворот<br>Хортикултурно уредување | Еко – одбор (одговорно лице)наставници, ученици |
| **V ЕКО-СТАНДАРД: ОТПАД** | Реупотреба<br>Рециклирање<br>Селекција на отпад | Еко – одбор(одговорно лице) ,наставници, ученици |
| **V I ТРАНСПОРТ** | Видови транспорт Влијанието на транспортот врз животната средина | Еко – одбор(одговорно лице) ,наставници, ученици |

## Прилог 5. Поврзување со наставната програма

Училиштето во соработка со еко-одборот врши интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение/година. Секој наставник и стручен актив избира еколошки содржини од приложените еколошки содржини од сите деветте теми, кои се во корелација со неговите наставни содржини кои ги предава во соодветните одделенија. По изборот на еколошките содржини, изготвува план за интегрирање на еколошката содржина во наставата и во текот на годината истиот го реализира.

Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита и унапредување на животната средина. Учениците, наставниците, останатите вработени и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги превзема училиштето за заштита на животната средина и реализација на Програмата за еколошка едукација.

**Прилог 6. Известување на пошироката заедница**

Сите еколошки активности кои се реализираат во рамките на Програмата за еколошка едукација се медиумски покриени на следниот начин: преку известувања во вид на флаери (еко-билтени) и плакати за пошироката заедница, еко катче, веб-страната на училиштето, електронската еко-мрежа на училиштата. Еко одборот формира комисија - членови на еко-одборот, кои ќе бидат одговорни за промоција на спроведените еколошки активности пред медиумите и јавноста.

**Прилог 7. Еко-кодекс**

**Еко-кодекс и еко-химна**

Училиштето има изготвено еко-кодекс и еко-химна, кои содржат различни еко - пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина. Тие претставуваат заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.

Во изготвување на Еко-кодексот и еко-химната учествуваа учениците преку распишан конкурс. Во продолжение следат еко-кодексот и еко-химната на училиштето:

**ЕКО- КОДЕКС**

1. Засади дрво , нека никне цвет , потруди се да го разубавиш целиот свет .
2. За тревата да изгледа убаво треба да се пази и по неа не смее да се гази .
3. Отпадоци не фрлај на погрешни места , користи корпи , селектирај и рециклирај .
4. Бистрата вода за животот вреди , не ја загадувај и капка по капка штеди .
5. Подучи ги и другите , да ја остават земјата да дише , на неа да не фрлаат отпадок и пластично шише .
6. Чувај го воздухот чист , не уништувај ја озонската обвивка , така животот ќе ни биде убав и сите ќе имаме добивка
7. Не загадувај ја природата , крени високо глас , делувај позитивно за својот спас .
8. Штеди ја електричната енергија , таа ти го осветлува патот , за да не чекориш во мракот .
9. Да можеме во чиста околина да растеме и да се радуваме , треба сите заедно да соработуваме .
10. Планетата Земја е наша мајка , треба да ја сакаме , почитуваме и да не ја загадуваме .

## <u>ЕКО-ХИМНА</u>

***1.****Пази каде одиш*
*не гази ја, ја боли,*
*со жалослив глас*
*тревата те моли.*
*Отпадокот се фрла*
*во природа често,*
*но треба да се знае*
*каде му е место.*

***Реф:*** *Зошто е така*
*ние не сфаќаме,*
*затоа на сите*
*порака им праќаме.*

*Зелената боја*
*најубава е знај,*
*за срце и душа*
*вистински е рај.*

***2.****Пази каде одиш*
*не гази го, го боли,*
*со жалослив глас*
*цвеќето те моли.*
*Отпадокот се фрла*
*во природа често,*
*но треба да се знае*
*каде му е место.*

**Димитар Илијевски V-в одд.**

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 21 март | Ден на еколошка акција на младите воРепублика Македонија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 26 септември | Светски ден за чисти планини |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на здравата храна |

**Еко-патроли**

За реализација на дел од активностите планирани во планот на активности: одбележување на значајни еколошки датуми, следење на состојбата со животната средина, одржување на здрава и чиста животна средина, соработка со медиумите, дистрибуција на изработени летоци и флаери и сл. активности, редовно се спроведуваат еко-патроли од стана на учениците од различни возрасни групи. Активностите на еко–патролата ќе се фотографираат, документираат во пишани извештаи, а по потреба ќе се прави и видео запис од истите. Еко-патролите, кои ќе се спроведат оваа година, се приложени во планот на активности.

Еко–патролите се формираат од ученици кои се дел од еколошката секција Членовите на еколошката секција се ученици од I-IX одд. Секоја еко–патрола е составена од по 3 ученика, нивната задача е за време на одморите и во текот на училишниот ден да патролираат во училишниот двор и во училиштето (холот, училниците и тоалетите), а членовите на еко-патролата да водат еко-дневник и да го информираат еко-координаторот за сите еколошки активности. Да погледнат дали отпадоците се оставаат на соодветно место и како се користат водата и електричната енергија. Учениците од еко-патролата можат да ги предупредуваат учениците кои не ги почитуваат еко- правилата за зачувување на здрава и чиста околина. Учениците од еко–патролата изготвуваат извештај со кој ќе го известат одговорниот наставник за еко–проблемите кои ќе ги воочат во училишниот двор и во училиштето, а тој неделно треба да поднесе извештај до координаторот на еко-одборот.

## Меморандум за соработка со општината

**Меморандум**

Училиштето има потпишано меморандум за соработка со локалната самоуправа (директорот и градоначалникот на општината). Со тоа општината ги поддржува сите еко-активности кои се спроведуваат во училиштето и се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2738/2
18. 09. 2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТИВ НАУМОВ"
Бр. 03-490/2
14. 09. 2012 год.
СКОПЈЕ

За потребите на **проектот "*Еко-училиште*"** се склучува следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу Општина Гази Баба и О.У. "Стив Наумов"-Скопје

Целта на овој Меморандум е да се воспостави основа за заедничка соработка помеѓу **Општина Гази Баба** и **Основно Училиште " Стив Наумов " ,** преку кој двете страни заеднички ќе се ангажираат и соработуваат во постигнување на целите на проектот : ***Еко-училиште.***

Преку овој меморандум за соработка Општина Гази Баба се обврзува да даде своја поддршка во реализирањето еко-акции во организација на О У „Стив Наумов„ , заеднички еко - акции, заедничко одбележување на деновите на екологија како и назначување на свој претставник во еко-одборот на училиштето.

Општина Гази Баба
Тони Трајковски
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

О.У. " Стив Наумов "
Панева Елена
**ДИРЕКТОР**

Скопје,
14.09.2012год.

## 26.2 ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Вовед:**

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

**Општи цели:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција и видови корупција;
- да ги знае облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата и да знае кои институциикции се одговорни за спречување на корупцијата;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството и врз човековите права;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да ја сфати улогата на НВО секторот во борбата против корупцијата;
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

| Ред. бр. | Содржина | Цели | Активности | Време на реализација | Очекувани исходи | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Испитување на предзнаења за корупција и антикорупција | Да се согледаат предзнаењата за корупција и антикорупција кај учениците | Пополнување прашалник за учениците со прашања од темата „Корупција“ | септември | Наставникот има претстава за предзнаењата и ставовите на учениците за антикорупција | Наставник по граѓанско образование Стручни соработници |
| 2 | Корупција - видови на корупција | Учениците :<br>- Да го разберат значењето на поимот корупција;<br>- Да ги препознаваат видовите на корупција;<br>- Да се поттикнат на критичко размислување; | Работилница:<br>Говорна активност, кусо предавање, дискусија<br>Повер поинт презентција на тема „Корупција“ | Октомври | Учениците го дефинираат поимот корупција и ги препознаваат нејзините видови;<br>- Критички размислуваат за проблемот на корупцијата; | Наставник по граѓанско образование |
| 3 | Причини и последици од корупцијата | -учениците да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијта и да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Предавање и дискусија со учениците | ноември | учениците ги знаат облиците во кои може да се појави корупцијта и да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Наставник по граѓанско образование |
| 4 | Механизми за спречување на корупцијата | - Да го сфатат штетното влијание од корупцијата во општеството;<br>- Да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата; | Предавање на тема “ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција“ | декември | Го сфаќаат штетното влијание од корупцијата во општеството и ги знаат механизмите за спречување на корупцијата, како и институциите кои се надлежни за тоа | Наставник по граѓанско образование |
| 5 | Улогата на НВО - | - да се стават во улога на | Работилница : | февруари | - Ја разбираат моќта на | Наставник по |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | невладините организации во борбата против корупцијата и заштита на човековите права | граѓански активисти кои се борат за спречување на корупцијата;<br>- Да го сфатат штетното влијание од корупцијата врз човековите права; | Говорна активност, Кусо предавање, Дискусија | | поединецот како и на заедницата во однос на борбата против корупцијата;<br>- Ја сфаќаат потребата од морално однесување и делување во поглед на спречување на корупцијата | граѓанско образование |
| 6 | Литературен и ликовен конкурс на тема: Релативизирање на „Ситната корупција“ како нормална појава во општеството | Литературно изразување на стекнатите знаења | Литературно изразување -есеј | април | Развиени литературни потенцијали на учениците преку усвоените содржини | Наставници по македонски јазик и ликовно обр. |
| 7 | Доделување награди од литературниот и ликовниот конкурс на тема : Релативизирање на “ситната корупција” како нормална појава во општеството | Мотивирање на учениците за учество во активностите за антикорупциска едукација | Доделување награди | април | Подобрена мотивација кај учениците за учество во активностите за антикорупциска едукација | Наставници по македонски јазик и ликовно обр. |
| 8 | Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | Да се утврдат знаењата на учениците за поимите корупција и антикорупција | Изработка на постер со слики и текст за анализа на стекнатите знаења | мај | Учениците ги разбираат поимите корупција и антикорупција | Наставник по граѓанско образование Стручни соработници |
| 9 | Евалуација и извештај за | Да се согледаат ефектите од програмата и предлог | Прибирање податоци за реализираните | јуни | Сумирани ефекти од Програмата и изготвен | Наставник по граѓанско |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | реализирани активности на Програмата за антикорупциска едукација | акционен план за подобрување и идни активности | активности | | предлог акционен план за подобрување и идни активности | образование Стручни соработници |

**Одговорен тим:** м-р Александар Каровски, Александра Атанасовска Крстевска

*Прилог 27*

## *План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите*

### Програма за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со ученици со потешкотии во учењето | - Формирање на тим за поддршка<br>- Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Идентификација на ученици со потешкотии во учењето | - Разговори со одд.наставници и раководители, примена на инстримент/листа за процена на способноста за учење | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Септември | Евиденција на овие ученици и градење стратегија за работа со нив |
| Индивидуализација и диференцијација на наставата за учениците со потешкотии во учењето | - Изготвување на индивидуални програми за поддршка на учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Октомври | Подобрување на постигањата на учениците со потешкотии во учењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Континуирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето | - Консултативни разговори на стручните соработници со одд.наставници, раководители и родители<br>- советодавно консултативна работа со учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Родители | Во тек на годината | - Подобрување на постигањата<br>- Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br>- Зајакнување на родителските вештини и капацитети |
| Следење на индивидуалните постигања и однесувањето на учениците со потешкотии во учењето<br>(на секој квалификационен период) | - Евиденција за успехот, редовноста<br>и однесувањето<br>-Посета на часовите по дополнителна настава | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Ноември, јануари, април | - Проценка на постигањата<br>- Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности |
| Обезбедување поддршка од соучениците | - Сов.консул.разговори со одд.настввници и раковоководители и УЗ на паралелката<br>- Соработка со ЗМЗ, ЦСР, социјални патролни работници, СОС Детско село Македонија | Стручни соработници,<br>родители,<br>одд.наставници, одд.раководители предметни наставници | Во тек на годината | - Подобрување на постигањата<br>- Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со потешкотии во учењето | -Разговори со учениците<br>-Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници,<br>родители,<br>одд.наставници, одд.раководители<br>предметни наставници | Март | -Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со учениците со потешкотии во учењето | - Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата и работата со учениците<br>- Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес, социјалниот и емоционалниот статус на овие ученици |

Тим за поддршка: Александра Атанасовска Крстевска - психолог, Биљана Василевска - педагог, Билјана Теовска – дефектолог, Розета Фиљкова - одд.наставник, Ана Ристовска - одд.наставник, Татјана Арсова - пред.наставник

## Годишна програма за работа со надарени деца

Потребата за прецизирање на поимите: надареност, талент и креативност се повеќе е изразена во современата литература. Имено, современите автори сметаат дека најопшт поим е надареноста, а креативноста е негова компонента. Според овие научни сознанија постојат следниве дефиниции:

* **Надареност**- склоп на особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или во повеќе подрачја на човековата дејност. Тој склоп особини го чинат: општи и специфични способности, креативност и сплет на бројни карактеристики на личноста и мотивацијата.

* **Креативност** - способност за дивергентно мислење, која овозможува да се најде ново решение на некој проблем и да се создаваат оригинални продукти.

* **Надарено дете** најчесто се употребува за оние деца кои на продуктивен или репродуктивен начин постигнуваат натпросечни резултати во една или повеќе области од човековата дејност. Тие поседуваат таков склоп на особини или таква комбинација на способности за определен вид на дејност, што им овозможува во континуитет да постигнуваат супериорни резултати во однос на другите деца, па затоа надарените се одликуваат со висок степен на творештво. Поединецот може да биде надарен, но не и високо креативен, односно да постигнува високи резултати на репродуктивно ниво.

* **Талентот** е врзан за способности во една потесна област (математика, физика, танц, музика) и всушност е диспозиција, која треба да се развива со упорна работа. Може да се заклучи дека надарениот поединец не мора да биде талентиран, но талентираниот секако дека е надарен. Најчесто надарените лица поседуваат определена креативна способност,според тоа креативноста е компонента на надареноста.

Систематизирање на карактеристиките на надарените ученици е направена во 1984 г. од страна на Ренцули.

| | |
|---|---|
| Карактеристики на учењето | ✓поседува многу знаења и умеења од различни области,<br>✓чита книги наменети за поголема возраст,<br>✓поседува необично богат речник<br>✓зборува течно и концизно,<br>✓има способност за одлична перцепција,<br>✓ги разбира сложените предмети и појави,<br>✓во изложувањето може да го одделни битното од небитното,<br>✓брзо ги согледува фактите и лесно ги сфаќа основните принципи,<br>✓не избегнува тешки и компликувани задачи,<br>✓поседува вештини за критичко мислење и самокритичност, |
| Карактеристики на творештво | ✓ постојано поставува многу прашања за различни нешта,<br>✓ не ги прифаќа изјавите на авторите без критичка проверка,<br>✓ создава голем број идеи и решенија за поставениот проблем,<br>✓ прифаќа ризици и опасни потфати при решавање на проблемот,<br>✓ често нуди необични, оригинални решенија на стандардни проблеми,<br>✓ се занимава со прилагодување, подобрување и модификување на начело, предмет или систем,<br>✓ не е конформист и не се плаши да биде различен од другите,<br>✓ покажува смисла за хумор и сатира, |
| Мотивациони карактеристики | ✓ нема потреба од надворешна мотивација,<br>✓ се интересира за прашања за кои се интересираат возрасните,<br>✓ си поставува себе си високи развојни цели и се стреми кон совршенство,<br>✓ потполно се посветува на преферираните задачи,<br>✓ не е задоволен со рутински, неинвентивни работи,<br>✓ сака да работи независно, без помош од возрасните,<br>✓ во своите изјави е непопустлив, одлучен и истраен, |
| Социјални карактеристики | ✓ добро соработува со околината,<br>✓ презема должности и одговорности,<br>✓ се прилагодува на нови услови и социјални ситуации,<br>✓ поборник е за демократски и рамноправни општествени односи,<br>✓ е самосвесен, има доверба во себе и тоа јавно го искажува,<br>✓ може да се соживее со проблемите на другите и затоа е отворен за решавање на политички и социјални прашања,<br>✓ сигурен е во работи кои бараат планирање и организирање. |

Надарените и талентираните ученици, генерално ги имаат следниве заеднички карактеристики:

- ✓ натпросечна општа интелигенција,
- ✓ интелектуална љубопитност,
- ✓ критичко согледување,
- ✓ логичко асоцирање,
- ✓ способност за генерализација,
- ✓ оригиналност,
- ✓ иницијативност,
- ✓ широки интереси и
- ✓ одделни специфични способности.

Типологијата на талентирани ученици според Џорџ Бетс и Морин Најхарт може да ни помогне да го кренеме процентот на успешност во идентификација на талентираните ученици и да се организира наставен процес во согласност со нивните потреби. Типологија е фокусирана на шест типа надарени ученици, каде што талентираноста од тип до тип се покажува на следните начини:

| |
|---|
| УСПЕШНО: перфекционист, има високи постигнувања, бара структура во потврда/одобрување од наставникот, не презема ризици, академски е успешен, прифаќа и се конформира, зависен е. |
| ПРКОСНО или „ПРЕДИЗВИКУВАЧ“: го поправа наставникот, ги доведува во прашање правилата, искрен е, непосреден, има нагли промени на расположението, недоследно развиени работни навики, слаба самоконтрола, креативност, преферира висока активност и проблематизиран пристап кон материјалот, ги брани своите уверувања, компетитивен |
| ПРИКРИЕНО или БЛОКИРАНО: негира талент, се откажува од програма за талентирани, односно од дополнителна настава, се спротивставува на предизвици, сака да биде социјално прифатен, да припаѓа, менува пријатели. |
| ОТПАДНИК: повремено отсутен од училиште, не ги довршува задачите, следи вонучилишни интересирања, издвоен е од остатокот на одделението, груб е кон себе, знае да се изолира, креативен е, се критикува себеси и другите, недоследен во квалитетот на работата, попречува, прави инциденти, дејствува просечно или под просек, дефанзивен е. |

| |
|---|
| ДВОЈНО ЕТИКЕТИРАНО: недоследен во квалитетот на работата, дејствува просечно или под просек, може да ја спречува наставата и прави инциденти |
| САМОСТОЈНО: има соодветни социјални вештини, работи самостојно, поставува сопствени цели, го довршува започнатото, работи без туѓо одобрување, ги следи областите од страсните интересирања, креативен е, ги брани уверувањата, презема ризици. |

* Во процесот на откривање на надарени- препознавањето на надарените ученици е ***првата фаза.***
Наставникот има можност да ги споредува и да ги препознава учениците кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници. Постапката за пронаоѓање на надарените ученици е насочена кон оние специфични карактеристики по кои овие ученици се разликуваат од нивните врсници. Особини на надарените ученици се:
- изразено добар училишен успех,
- богат речник и рана способност за читање,
- адаптираност во општествената средина,
- рана физичка вештина,
- способност за раководење.

***Идентификација на надаредите ученици**

Што  подразбираме под идентификација?

-мерење на степенот на развиеност на особините на индивидуата,

-проценка на особините на поединецот и

-проценка на духовните и материјалните производи на ученикот.

Тоа значи дека секој ученик што наставникот ќе го препознае како надарен ученик, понатаму тој надарен ученик ќе подлежи на тестирање со психолошки мерни инструменти. Кои постапки и какви извори се применуваат за тоа, најдобро може да се види од следниов преглед:

*1- Постапка- Проценување на надареност.*

Извори на податоци:

а) родители на учениците

б) наставници

в) соученици

*2- Постапка- Евалуирање на квалитетот на ученички творби, изведби, постигнати резултати во учењето.*

Извори на податоци:

а) успех во спотски активности

б) литературни и ликовни творби на учениците

в) успех во одделни наставни подрачја

г) музички изведби

*3- Постапка- Тестирања на способностите, особини на личноста и знаењата на учениците.*

Извори на податоци:

а) тестови на интелигенција

б) тестови на посебни интелектуални способности

в) тестови за испитување на креативноста

г) тестови за испитување на личноста

д) тестови на знаења

ѓ) тестови на музикалност, кои се одвиваат преку- пеење на песнички, тестирање на чувство за ритам, слушање.

*4- Постапка- Анкетирање.*

Извори на податоци:

а) анкетни листови

б) стандардизирани и нестандардизирани интервјуа.

Овие техники ќе ја сочинуваат батеријата за откривање на надарени ученици. Тие во основното училиште најчесто покажуваат надпросечни резултати. Идентификацијата не треба да биде ниту еднистрана (идентификација која се врши со

помош на само една постапка), ниту пак еднократна работа (идентификација која се врши само еднаш, на една возраст). Нејзината
суштина е повеќекратно испитување и утврдување на способностите на учениците во текот на подолг период, со применување на разновидни дијагностички постапки.

Идентификувањето на надарените ученици за определени области или дисциплини може исто така успешно да се остварува со организирање на натпревари или пак по пат на приемни испити.

***Принципи врз кои треба да се темели препознавањето и идентификувањето на надарените деца:***

- ✓ принцип на демократичност, што значи дека постапката за идентификација треба да се реализира со секој ученик кој покажува каков било знак за надареност,
- ✓ принцип на мултидисциплинарност, што значи дека во процесот на идентификување и работата со надарените ученици треба да бидат вклучени стручњаци од релевантни области, воспитно-образовни институции, научно-истражувачки институции итн.
- ✓ принцип на биосоцијална оптималност, што значи дека идентификационата постапка да се изврши на возраст кога конкретната дарба се јавува во психофизичкиот развој на детето,
- ✓ принцип на лонгитудиналност, што значи дека идентификуваното надарено дете треба да се следи во подолг временски период, да се повторува идентификационата постапка во различни развојни фази и да се обезбедат оптимални услови за развој на надареното дете,
- ✓ принцип на економичност, што значи дека процесот на идентификување и работа со надарените деца не мора да биде додатна активност, која ќе биде екстра финансирана, туку да се извршува во рамките на редовната работа со учениците.

**Наставни техники за успешна организација на наставата при работа со надарени ученици, ефикасни во пракса:**

| |
|---|
| БИДЕТЕ НЕОБИЧНИ<br><br>Колку и да сте одличен методичар, досадата на лицата на учениците е повик за промена на ритамот на часот. Здодевноста може да ја прекинете со поделба на стикери и нови прашања на кои треба да одговорат учениците на пример: Ова што сега го слушам потребно ми е заради…Оваа тема би била интересна кога… и слично. |
| ВЕЖБИ ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈА<br><br>Загледајте се во лицето на другарот и пронајдете некоја специфичност која никогаш досега не сте ја забележале. Погледнете го насловот на учебникот и пронајдете нешто што досега не сте забележале … |

| |
|---|
| НАМЕРНО ПРАВЕТЕ ГРЕШКИ<br>Барајте од учениците да ги уочат грешките или да ги запишат. |
| ДАЈТЕ ЛИЧЕН ПЕЧАТ ВО СВОИТЕ ЗАДАЧИ<br>Користете целосни имиња и презимиња на своите ученици или колеги наставници, на нивните позитивни идоли. |
| САМОТЕСТИРАЊЕ<br>Искористете час за систематизација или утврдување за учениците самите да ги составуваат прашањата за тест, каде што еден дел од овие прашања ќе ги земете за следната пишана проверка на знаењата. |
| ПОСТАВУВАЊЕ ПРАШАЊА<br>Мотивирајте ги да поставуваат прашања од темата што ја обработувате, а тоа вреднувајте го како активност на час. |
| КЛУЧНИ ЗБОРОВИ<br>Нека ги идентификуваат во текот на вашите предавања со стикери. |
| ЛИЧНО ДОЖИВУВАЊЕ<br>Обојте ги предавањата со лични доживувања кои се поврзани со темата – сè што има личен печат полесно се помни. |
| ОРГАНИЗИРАЈТЕ СИМУЛАЦИЈА ВО УЧИЛНИЦАТА<br>Пожелни се дебати, театри, изложби… |
| ЧАСОТ НЕКА ЗАПОЧНЕ, КОЛЕГА<br>Замолете го колегата да ги воведе учениците во темата, а вие продолжете понатаму. |
| УЧЕНИЦИ-ЕКСПЕРТИ<br>Подгответе поединечни ученици на следниот час да бидат во улога на експерти во врска со темата што ја обработувате. |

| |
|---|
| ВИРТУЕЛНА ПОСЕТА НА ЛАБОРАТОРИЈА<br>Изненадете ги во текот на часот со онлајн-посета на некоја институција, лабораторија, музеј и слично, каде што ќе се запознаат со некои поединости во врска со темата што ја обработувате. |
| НАУЧНО СПИСАНИЕ<br>Организирајте час по систематизација така што најзначајните детали во врска со некоја тема учениците ќе ги спакуваат во форма за насловна страница за научно списание. |
| ГРАФИТИ КАКО ОДГОВОРИ<br>Поставувајте прашања на интересен начин, барајќи од нив во пар или во група да го прикажат одговор преку графит на хартија или ѕид. |
| ЏОКЕРИ ЗА ДОСАДА<br>Анализирајте со учениците текст од весник кој е врзан за темата, обидувајќи се да ја докажете неговата објективност. |
| НЕОБИЧНИ ДОМАШНИ ЗАДАЧИ<br>Дајте им домашни задачи кои немаат врска со материјалот, а потоа во воведниот дел од следниот час укажете дека ја збогатиле нивната општа култура и децата станале поинформирани. |
| ЛИСТА СО ДОВЕРЛИВИ ВЕБ-СТРАНИЦИ<br>Направете со учениците листа со веб-страници на кои може да се пронајдат релевантни информации за наставната тема со која се занимавате. |
| ПОСТАВУВАЈТЕ ИМ НЕОЧЕКУВАНИ ПРАШАЊА<br>Поставете им различни прашања за среќата, животот, интернетот, одговорноста, истрајноста, успехот, неуспехот, музиката, нивните идоли… Одговорите може да се запишат на стикери. Сигурно меѓу нивните одговори ќе може да се пронајде врската со вашиот предмет. |

Работата со надарени деца е доста специфична и комплексна задача за наставникот. За организирана и ефикасна работа со надарените ученици, училиштето постапува според одредена Процедура за  работа со надарени ученици:

- Во почетокот на учебната година во  училиштето се формира тим за поддршка на надарените ученици;
- Стручните соработници преку разговори со одделенските наставници/раководители ги идентификуваат надарените ученици;
- Идентификација на надарените ученици се врши преку прашалници за логичко-
- математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик;
- Задавање на нестандардизирана Пронад скала  за процена на особините   на надарените ученици (особини на учење и водство,  мотивациски и креативни особини)
- Задавње на  соодветни мерни инструменти за  проценка на специфичните способности на надарените ученици;
- Планирање и организација на поучувањето на овие ученици;
- Проширување на програмите за работа со соодветни содржини  прилагодени кон потребите на надарените ученици;
- Континуирано се следи вклученоста на надарените ученици во додатна настава и вонннаставни ученички активности;
- Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно консултативна работа со нив, наставниците и нивните родители/старатели;
- Во текот на учебната година , по завршување на секој класификационен период  се следат индивидуалните постигања, односно успехот  на овие ученици;
- Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница.

***Во едукација на надарените ученици се користат повеќе модели за подучување и учење, од кои најзастапени се:***

- таксономијата на едукативни цели на Блум,
- моделот на структура на интелектот на Гилфорд,
- когнитивно-афективниот модел на Вилијамс,
- тријадниот модел за збогатување на Ренцули,
- моделот на интегриран курикулум на Мејкер и
- моделот за автономен ученик на Бетс.

При составување на програма за едукација на надарените ученици може да се користи некој од наведените модели, но може да се направи комбинација на два или повеќе од нив. Во нашите разгледувања подетално ќе се задржиме на моделот на автономе ученик на Бетс, за кој сметаме дека е најкомплетен и најсоодветен за работа со надарените ученици. Моделот на Бетс се базира на созанијата образованието на надарените ученици треба да се стреми кон постигнување на следниве цели:

- надарените ученици да станат одговорни за сопствениот развојот,
- надарените ученици да се одговорни за имплементацијата и евалуацијата на сопствената програма за развој.

Понатаму, Бетс наведува дека постигнувањето на наведените цели е можно само со успешно реализирање на следниве пет димензии:

- ориентација,
- индивидуален развој,
- збогатени активности,
- семинари и
- продлабочено учење.

***Форми за работа со надарени ученици***

- Групирање во редовни паралелки и редовни паралелки со подгрупи
- Групирање во редовни паралелки до додатна настава
- Групирање во индивидуализирани паралелки
- Хомогено групирање во одделенија.
- Групирање во специјализирани паралелки.
- Групирање во специјализирани училишта.

*Работата  со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:*
курсеви, семинари, трибини, летни и зимски школи, дописни школи, натпревари итн. Притоа, видот на организацијата, најчесто ги детерминира времетраењето и динамиката на работа со надарените ученици, критериумите за вклучување во нив и изборот на едукаторите. Исто така се реализира и преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава
-проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници.

| Цел | Активност | Начин на | Време на | Носители/ | инструменти/ | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање на политика за работата со надарени ученици.**<br><br>Подготвка на инструменти за идентификување на надарените, телентираните и креативните ученици | Состанок на тимот за идентификување на надарените, талентираните и креативните ученици и одредување /приготвување инструменти за идентификување на овие ученици | состанок на тимот разговор консултации приготвување на инструменти | последна недела од август/ септември | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници | примери на инструменти за идентификува ње на овие ученици | припремени инструменти за навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици |
| Информирање на наставниците за карактеристиките и начините на следење и откривање на надареното/талентирано и креативно дете во паралелката - запознавање со инструментите за идентификување на овие ученици и давање насоки на наставниците да вклучат во планирањата на наставните и воннаставните активности содржини за работа и поддршка на овие ученици. | Информирање преку презентација на стручните активи на одделенските и предметните наставниции | Презентација Разговор Состанок на стручни активи, Разменување мислења, идеи... | септември | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | ППТ презентација, инструменти за идентификува ње на овие ученици | Навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици и планирање на наставно – воспитната работа да биде инклузивна и да ги вклучи овие ученици со соодветни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на родителите со оваа тематика за да се вклучат и тие во процесот на идентификација на надарените, таленитрани или креативни ученици | разработка на темата на состаноци со родителите (општи родителски средби) | Презентација Разговор со родителите | септември | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници | ППТ презентација, печатен материјал за родители | Навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици |
| Потврда на идентификуваните способности кај учениците преку примена на прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик кај оние ученици за кои наставниците идентификувале надареност, талент или креативност | Процес на идентификување на надарените ученици | Разговори со учениците Пополнување прашалници Набљудување | Септември-октомври | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Прашалници | Правилно идентификување на надарените и талентираните ученици |
| Индивидуално запознавање на тимот со надарените ученици и видот на надареност | Сов.консул.разговори со одд.наствници, ракововодители, предметни наставници,ученици и нивните родители | Разговори Комуникација Советодавни разговори | Септември-октомври | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записници | Проценка на специфичните способности на надарените ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Градење правилен пристап кон надарените и талентираните ученици во училиштето | Давање препораки на наставниците и родителите за работа со оваа група ученици. Потткинување на наставниците и роситеелите да посветат внимание на оваа група ученици и да ги мотивираат за да ги искажат своите способности, да напредуваат и да постигнат добри резултати на натпревари, манифестации, изложби, литературни читања и сл. | Средби со наставниците во чии паралелки има ваков вид ученици и давање насоки и препораки за работа. Средби со родителите на овие ученици и советодавна работа со нив Комуникација Дискусија | Ноември | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записник | Насочено и правилно планирање и организација на поучувањето на овие ученици Правилен однос на родителите кон развивањето на дабата, талентот или креативноста на своето дете |
| Поддршка на учениците и зголемување на мотивираноста за работа Излегување во пресрет на потребите на оваа група ученици | Средби и активности со оваа група ученици, советодавна работа за правилно насочување на енергијата и развивање на способностите, талентот, креативноста. Сослушување на потребите на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби. Поттикнување на учениците континуирано да се вклучуваат и да учествуваат во активности во кои можат да го покажат својот талент. | Дискусии Советодавни разговор и според потребите на учениците | Континуирано | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записник | Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа Подобрување на постигањата на надарените, креативни или талентирани ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка и насочување на<br>наставниците за да ги мотивираат учениците кои се надарени, талентирани, да бидат истрајни да ги развиваат своите таленти и да учествуваат на натпревари, манифестации, поетски читања, спортски натпреваари и сл | Континуирани средби и спработка со наставниците, размена на идеи, мислења, ставови<br>Обработка на овие теми на стручни активи<br>на одделенските и<br>предметните наставници | Дискусии<br>Советодавни разговори според потребите на наставниците<br>Состаноци на стручните активи | Континуирано | тим за работа со<br>надарении талентирани ученици стручни соработници | Записник | Определување на<br>соодветни форми/методи за понатамошна работа<br>Подобрување на постигањата на надарените, креативни или талентирани ученици |
| Истакнување - промовирање на успесите<br>на надарените и талентираните ученици . | Пофалби и награди за оваа група на ученици<br>кои во текот на учебната<br>година се истакнале и<br>придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето натпревари,<br>во знаење, спортски натпревари,<br>литературни и ликовни<br>конкурси<br>во училиштето и вон него | Според можностите или за Денот на училиштето | Во тек на<br>учебна година | тим за работа со<br>надарении талентирани ученици стручни соработници наставници Директор | Благодарници<br>Дипломи<br>Книги | Подобрување на<br>социјалниот и<br>емоционалниот статус на надарените ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца | Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици | Анализа | Јуни | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Извештај | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици - Изготвување на стратегија за понатамошна работа |

**Тим за поддршка:** Александра Атанасовска Крстевска-психолог, м-р Биљана Василевска педагог, Билјана Теовска-дефектолог,м-р Анетка Трајкова-одд. наставник, Олгица Ристовска- предметен наставник, Емилија Божиновска-предметен наставник

***Прилог 28***

| ***Програма за професионална ориентација*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Самоспознавање** | | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Носител на активноста** | **Форми/метод и на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Работилници за ученици од осмо одд. на тема: „Личен и групен идентитет и карактеристики“ | Учениците да формираат претстава за себе како граѓанин и да осознаат што е личен и групен идентитет | Наставник по Граѓанско образование<br>Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна<br>Дискусија | Наставни листови<br>Учебник по Граѓанско образование | Ученици со формирани позитивни вредности и ставови кон себе и заедницата | Изработка на учениците |
| Работилница за ученици од деветто одд.на тема: „Професионален | Учениците да ги спознаат сопствените желби, интереси и афинитети за избор на | Наставник по Граѓанско образование<br>Стручни соработници | Индивидуална | Тест на интереси<br>Учебник по Граѓанско образование | Реална самопроцена и свесност за личните интереси афинитети кај | Спроведен тест за процена на сопствените интереси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| и кариерен развој“ | занимање/професија | | | | учениците | |
| Работилница за изработка на CV и мотивационо писмо | Учениците да се оспособат за пишување CV и мотивационо писмо | Наставник по Иновации<br>Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна<br>Истражувачка | Стручна литература<br>Лист за самопроцена | Развиени претприемнички вештини, дигитална и јазична писменост | Изработено мотивационо писмо и CV |
| Изработка на ликовни и литературни творби на тема „Моето идно занимање“ | Спознавање на сопствените желби, интереси и афинитети кај учениците за избор на занимање | Наставници | Индивидуална<br>Групна | Стручна литература | Стекнување реална слика за себе преку ликовно и литературно изразување | Изработени творби од страна на учениците |
| Процена на способностите и професионалните интереси на учениците од деветто одделение | Да се проценат способностите и професионалните интереси на учениците | Стручни соработници | Индивидуална | Листи за процена на способностите и професионалните интереси на учениците од деветто одделение | Реална слика за способностите и професионалните интереси на учениците | Извршена процена на способностите на учениците<br>Споделени информации со учениците и родителите |
| **2.Информирање и пребарување за видови професии и можности за школување** | | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Носител на активноста** | **Форми/метод и на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Презентирање на Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците | Да се запознаат учениците<br>со условите и критеирумите за упис во средно образование | Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна | Конкурс за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците-<br>МОН | Навремено информирани ученици и родители за критериумите и условите за упис во средните училишта | Информирани ученици за начинот на конкурирање во средните училишта |
| Информирање за мрежата на | Да се информираат учениците за | Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна | Брошури<br>Флаери | информирани ученици за | Запознаени ученици за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| средни училишта | мрежата на средни училишта | Наставници | Самоинформирање | Web страни | можностите за продолжување на образованието | мрежата на средни училишта во градот |
| Презентирање пропаганден материјал од средните јавни училишта | Да стекнат увид во можностите за упис во средно училиште | Стручни соработници<br>Наставници<br>Претставници од средни училишта | Индивидуална<br>Групна | Плакати<br>Брошури<br>Флаери<br>Кариерно катче<br>Огласна табла | Запознаеност на учениците со видовите професии и занимања | Достапност на материјалите |
| Презентација на струки и занимања | Да се запознаат учениците со видовите струки и занимања и образовни профили во средните училишта | Стручни соработници<br>Наставници<br>Претставници од средни училишта | Групна | ППТ презентации<br>Кариерно катче | Стекнат детален увид во карактеристикита на одредени струки и професии | Извршени презентирања |
| Самостојно интернет истражување и информирање за пазарот на труд | Учениците самостојно да се информираат за пазарот на труд | Ученици | Самоинформирање | Веб страни на средни училишта, образование и вработување | Унапредена дигитална писменост и информираност кај учениците | Посетени веб страни |
| **3.Реални контакти/средби** | | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Носител на активноста** | **Форми/метод и на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Организирање посети на државни и приватни средни училишта | Посета на отворени денови на средни училишта | Стручни соработници<br>Наставници<br>Претставници од средни училишта | Групна<br>Дискусија | Јавни и приватни средни училишта од градот | Стекнат увид во условите за учење и работа во самото училиште | Евиденција од реализирани посети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Консултативни средби со ученици | Помош и советување на учениците при избор на соодветно средно училиште за своето дете | Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна | Конкурс за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците-<br>МОН | Правилен избор на соодветно занимање | Евиденција од консултативни средби со ученици |
| Консултативни средби со родители | Информирање на родителите за условите, критериумите, видовите занимања и средните училишта | Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна | Конкурс за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците-<br>МОН | Информирани родители за условите, критериумите, видовите занимања и средните училишта | Евиденција од консултативни средби со родители |
| Средби со претставници од средните училишта | Учениците да стекнат увид во видовите професии/занимања | Стручни соработници | Индивидуална<br>Групна | ППТ презентации<br>Плакати<br>Брошури<br>Флаери | Информирани ученици за условите, критериумите, видовите занимања и средните училишта | Евиденција од средби со претставници од средните училишта |
| Посети на стопански и деловни субјекти од локалната заедница | Непосредно запознавање на учениците со одредени занимања | Наставници | Индивидуална<br>Групна | Стопански и деловни субјекти | Запознаени ученици со одредени занимања | Евиденција од реализирани посети |

| 4.Донесување одлука | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Цел** | **Носител на активноста** | **Форми/методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| Споредба на профилот на личноста на ученикот со профилот на образование | Ученикот да ја провери исправноста на одлуката која ја донел | Ученик | Индивидуална Разговор | Ученичко портфолио | Самостојно донесување зрела професионална одлука | Извршена проверка на одлуката |
| Избор на средно училиште | Усогласување на личниот концепт и реалните околности | Ученик | Индивидуална Разговор | Ученичко портфолио | Професионална зрелост кај учениците | Запишување во средно училиште по сопствен избор |

**Тим за поддршка:**

Александра Атанасовска Крстевска, Биљана Василевска,  Билјана Теовска, Сузана Апостолова, Владанка Михајловска, Олга Добревска

*Реализацијата на оваа програма подразбира целосно ангажирање на сите други носители на воспитно образовната дејност во училиштето, почнувајќи од одделенските наставници во прво одделение до крај на основното образование.

*Прилог 29*

## *План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство од злоупотреба и запуштање, спречување дискримјаинација*

| | Акционен план на тимот за,, Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација,, | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Следење | |
| **Задача** | **Активност** | **Време на реализација** | **Носител на активноста** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **х** |
| Креирање политика во училиштето за превенција на насилното однесување, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација | Изработка на акционен план и програма | Август | тим | Годишна програма | х | Успешно реализирање на планираните цели | тим | х |
| Утврдување на постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и | -Изготвување на постапката<br>-Запознавање на Ученички парламент, Наставнички Совет, Советот на родители , Училишниот одбор со утврдената | Август<br>Септември | тим | Постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и занемарување | -Формулар за евиденција на насилство<br>-Формулар за план за заштита на жртвата и промена на | Успешно реализирање на поставените цели. | тим | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| занемарување | постапка | | | | однсување то на сторителот | | | |
| Откривање и препознавање на ученици кои вршат насилно однесување | -Спроведување на анонимен анкетен прашалник за ученици од IV до IX одд.<br>-Следење на промени во однесувањето на учениците | Во тек на учебната година | Ученици од IV до IX одд. Стручни соработници | Годишна програма | Анкетен прашалник | -Превенција на насилно однесување - откривање на ученици кои вршат насилство и разговор со истите. | тим | x |
| Учениците да го осознаат поимот култура, да сватат дека иако припаѓаат на иста група имаат различни карактеристики | Работилница-Интеркултурно образование | Јануари | Тим за поддршка на ученичкото учество и организирањ е и ученички парламет | Подготвени материјали(раб отни листови) за работилницата | Чек листа | Учениците се поттикнати преку комуникација да ги запознаваат к-ки на другите култури, имаат воочено дека за воспоставува ње добри односи потребно е почитување на другите | Тим за поддрш ка на ученичк ото учество и организ ирање и ученичк и парлам ет | x |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на активности за превенирање на насилството во училиштето | -Организирање на ликовна изложба од творби изработени од учениците од II до V одд.<br><br>-Литературени творби изработени од учениците од II до V одд | Април | Одделенски наставници и раководители, ученици<br><br>Емилија Божиновска-<br><br>Магдалена Јанковска- | Изложување на најдобрите цртежи и литературни творби од учениците во холот на училиштето | x | -Успешни ликовни и литературни творби во кои се искажани видовите насилство<br>-Намалување на насилството во училиштето | тим | x |
| Планирање и реализиација на часови со дискусија за обработка на темата на одделенските часови и наставен час по предмети. | Следење на реализација на темата на одделенските часови и наставен час по предмети | Во тек на целата учебна година | Одделенски наставници и Одделенски раководители | Одделенски час и наставен час по соодветен предмет | Дневно планирање | Успешно реализирање на планираните цели на часовите поврзани со темата | тим | |
| Организација и реализација на обуки на вработени за спречување и заштита од насилство. | -Обуки за зајакнување на знаења и вештините на наставници за спроведување на активности за превенција од насилство и дискриминација | Во тек на учебната година | Директор и Тим | Стручна литература | Извештај од реализирана обука, дисеминација | Зајакнати вештини, способности за справување со насилно одесување | Тим | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Вклучување на експерти од областа | | | | | | | |
| Посета на/од установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Организирање посета на/од установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Во тек на учебната годината | стручни лица вработени во установи и здруженија | презентации<br>стручна литература | Извештај од реализира на посета | Подигнување на свеста на учениците за ненасилно однесување<br>- Стекнати знаења за видови на насилство и последиците од истото | Тим | |
| Едукативни работилници за родители | Реализирање на едукативна работилница за насилство | Во тек на учебната година | Стручни соработници | Презентација | Извештај од реализира на работилни ца | Подигнување на свеста на родителите за ненасилно однесување<br>- Проширување на знаењата за видови на насилство и последиците од истото | тим | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на планираните активности | Извештаи од реализираните активности | Во тек на целата учебна година | Одговорни наставници тим | Годишна програма и акционен план на тимот | Формулар - извештај | Успешно реализирање на планираните цели | тим | х |

За  успешно реализирање на овие активности е потребно:

континуирано следење на однесувањето на учениците од страна на одделенските наставници и раководители, особено на учениците кои манифестираат несоодветно однесување, одговорно дежурство од страна на наставниците и учениците, добра меѓусебна соработка помеѓу одд. наставници и раководители, како и брзо и адекватно реагирање при појави на насилно однесување.

*Прилог 30*

## *План за следење и анализа на состојбите во оценувањето*

| Задачи/ Активности | Очекувани исходи | Носители | Ресурси | Инструменти | Време на реализација рамка |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Оценување според етички кодекс за оценување на постигањата на учениците | Објективно оценување | Одделенски раководители од I-IX одд., | Етички кодекс за оценување | Чек листи за следење на оценувањето | Септември |
| Избор и изработка на инструменти за оценување | Изготвување и примена на соодветни инструменти за оценување и збирка на докази | Директор, Стручни соработнициНаставници | Презентации со инструменти и примери Инструменти за самооценување | Тестови Наставни листови Портфолија | Септември - јуни |
| Планирање на оценувањето според нивоа на постигнување на учениците | Развиена самодоверба за сопственот напредок во процесот на учење | Директор, Стручни соработнициНаставници | Стручни материјали Портфолија Тестови Наставни листови | Наставни програми и стандарди за оценување | Септември - јуни |
| Споделување и пренесување на добрата пракса во врска со оценувањето | Изготвување објективни тестови со квалиетни тест задачи Објективно оценети ученици | Директор Наставници | Презентации со инструменти и примери Инструменти за самооценување | Портфолија Тестови Наставни листови | Континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обука на наставници приправници во врска со оценувањето | Примена на различни инструменти на оценување | Наставници-ментори | Материјали од семинарите Стручни материјали Презентации со инструменти и примери | Консултативни разговори и нагледни часови | По потреба |
| Обука на наставници иноватори | Пренесување на позитивни искуства и знаења | Наставници Стручни лица | Материјали од семинарите | Консултативни разговори | Септември - јуни |
| Следење на оценувањето | Подобрување на оценувањето | Директор, Стручни соработницинаставници | Извештаи за успехот на учениците | Статистички прегледи | Ноември, јануари, април, јуни |
| Анализа на оценувањето | Подобрување на оценувањето | Тим од СЕУ-подрачје:Постигања на учениците | Споредбени анализи и извештаи за успехот на учениците | Чек листи | Ноември, јануари, април, јуни |
| Подобрување на компетенциите за оценувањето кај наставнците – Работилница | Развиени компетенции за објективно оценување | Директор, Стручни соработнициНаставници | Прирачник за следење на работата и планирање на професионалниот развоја на наставниците и стручните соработници | Чек листа за самопроценка на компетенциите за оценување | Септември - јуни |

*Прилог 31*

## *План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови<br>-Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | -Прашалник за наставниците | Септември | -Увид во планирање и реализација на наставата |
| -Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови<br>-Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови | -Директор<br>-Стручни соработници | -Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Дневни подготовки на наставниците | -Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците<br><br>-Инструменти за евалуација на часот | Во тек на годината | -Подобар квалитет во планирањето и реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Програми и подготовки на наставниците | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Подобрување на квалитетот на наставата |

## Програма за увид во педагошка евиденција и документација

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето за увид во педагошката документација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Комисија<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали | -Прашалник за наставниците | Септември | -Увид во досегашната состојба при водење на педагошката документација |
| Следење на водењето на педагошката документација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Комисија | -Одделенска книга<br>-Главна книга<br>-Евидентни листови<br>-Свидетелства<br>-Подготовки за час<br>Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште како и начинот на нивното водење | Формулар за следење на педагошката евиденција и документација | Во тек на годината | - Континуирано водење на педагошката документација |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Комисија | -Професионално досие на наставниците<br>-Педагошки картон на наставниците | -Прашалник за наставниците<br>-Инструменти за: подготовка за час, водење одделенска книга... | Јуни | -Квалитет при водење на педагошката документација |

*Прилог 32*

## *Програма за самоевалуација на училиштето*

| Цели | Активности | Временска рамка | Носител | Очекувани реултати |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација за работењето на училиштето | Формирање на тимови за самоевалвација за секое од подрачјата и избор на координатори | Септември | Наставнички Совет | Успешно спроведена самоевалуација на училиштето |
| Да се определат соодветни методи, техники и инструменти за спроведување на самоевалуацијата | Користење методи, техники и инструменти за вршење самоевалуација | Октомври | Тимови по подрачја | Добивање валидни показатели за работењето на училиштето |
| Согледување на силните и слаби страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | Мај | Тим за самоева луација | Донесени предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и изработка на развоен план |
| Одредување приоритети по подрачја | Анализа на слабите страни на работата на училиштето | Мај | Тим | Избрани приоритетни подрачја за промена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на поединечни и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација | Разгледување на нацрт извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на радители, Ученичка заедница и Училишен одбор | Јуни<br>Јули,<br>Август | Наставници<br>претставници од редот на родители и локалната заедница и ученици | Дополнување на нацрт извештајот со мислења и предлози од наставнички совет,училишен одбор совет на родители и ученичка заедница на училиштето |
| Усвојување на извештајот | Презентација на извештајот за самоевалуацијата на Наставнички совет, Совет на радители и Училишен одбор<br>Известување од самоевалуацијата со објавување на веб страната на училиштето и на општината | Јуни | Директор | Подобрување на квалитетот на работењето на училиштето |

Тим за самоевалуација
Координатори: Биљана Василевска и Билјана Теовска

*Прилог 33*

## *Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди*

**Активности за системот за заштита и спасување**

- Активности и мерки за заштита и спасување во случај на непосредна опасност
- Активности и мерки за заштита и спасување за време на опасност
- Активности и мерки за отстранување на последиците

**Планирање :**

Училиштето „Стив Наумов”- Скопје има изготвено свој план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди, земјотреси, поплави, клизишта, пожари и др.

При планирањето се земени предвид мерливите (постоечките) елементи како на пример:

-Сеизмичка активност на подрачјето
-Локација на објектот
-Градба на објектот
-Природните ресурси и др.

При изготвување на планот земени се во предвид застапеноста на одредени принципи:

-тимска работа
-временски термини
-оперативност
-конкретност
-следење
-анализа
-очекувани резултати

Планот предвидува: КОЈ, КОГА, ШТО и КАКО да постапи во одредена ситуација.

**Планот ги има обработено следните елементи:**

| | |
|---|---|
| - Сеизмичка активност на реонот | Трусно подрачје |
| - Одреден степен на трусност | Над 6 0 (меркалиева) |
| - Локација на објектот | |

- Вид на тлото -Автокоманда-Скопје
- Централно градско подрачје
- Вид на градба на објектот
- Цврста градба без статички податоци на издржливост

**Планот ги има обработено следните елементи:**

| | |
|---|---|
| Сеизмичка активност на реонот | Трусно подрачје |
| Одреден степен на трусност | Над $6^{0}$ (МЕРКАЛИЕВА СКАЛА) |
| Локација на објектот<br>Вид на тлото | Автокоманда-Скопје<br>Централно градско подрачје |
| Вид на градба на објектот | Цврста градба без статички податоци на издржливост |

**Процена на загрозеност од земјотреси во училиштето**

-Анализа на податоци за можни ризици
-Детална карта за сеизмичка активност
-Детална карта на врнежи во реонот
-Можен интензитет на земјотресот
-Можен интензитет на врнежи
-Локација, видот на објектот и старост
-Вид на вграден материјал и средства во објектот
-Градежни карактеристики на објектот
-Број на вработени и ученици во училиштето.

**План за заштита и спасување**

Планот за заштита и спасување содржи три фази:

I. Превентивни активности и мерки (пред опасноста од природни катастрофи)

II. Оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста)

III. Отстранување на последиците ( по опасноста)




**Одбор за планирање**

- Вработените на училиштето
- Претставници на советот на родители

**Задачи**

- Одредување на локации
- Човечки ресурси - Програма за обука на наставниот кадар
- Програма за обука на советот на родители
- Дефинирање на тимовите и улога на членовите
- Евалуација на целокупната работа

**Оперативен штаб**

Оперативниот штаб го сочинуваат:

-директорот
-секретарот
-тројца наставници

Оперативниот штаб раководи за време на природната катастрофа. Донесува брзи одлуки врз база на проценка на состојбата во училиштето. Во постојана комуникација е со персоналот во училиштето како и со институциите кои се надлежни за заштита и спасување од природни катастрофи.

**Задачи на оперативниот штаб**

-Да ги формира тимовите (екипите) и да ги конкретизира нивните задачи и активности

-Да го води планот за време на природната катастрофа (земјотресот, поплавата) и да прави план за безбедно напуштање на објектот .

***Тим за прва помош***

Го сочинуваат:

1.Билјана Теовска
3.Виолета Радулова

Тимот мора да биде оспособен за :

-укажување на медицинска помош
-медицинска грижа (поделба според тежината на повредата)
-згрижување на повредените

Главните задачи на тимот (екипата) }е се спроведуваат во две фази:

I.Пред природната катастрофа
II.По природната катастрофа

**I.Пред природната катастрофа**

-Определува и набавува потребен медицински материјал
-Изработува програма за здравствената состојба на учениците и вработените (ги евидентира здравствените проблеми)
-Ги обезбедува телефонските броеви од медицинските установи
-Организира обука за прва медицинска помош на вработените кои се вклучени во екипата
-Во соработка со Црвениот крст организира обука и предавање за учениците за згрижување на заболените и повредените.

**II.По природната катастрофа**

-По природната катастрофа го известува директорот(оперативниот штаб) за бројот на повредените и видот на повредите и делува според планот за заштита и спасување
-Укажува прва помош на повредените лица на самото место врши тријажа ( поделба според тежината на повредата) на повредените.
-Врши извлекување и транспорт до најблиските медицински центри
-Бара помош од здравствените институции.

***Тим за спасување од природни катастрофи***

**Тимот го сочинуваат:**

**1**. Љупчо Андоновски
2. Славјанка Николова
3. Јулијана Печевска

Овие лица треба да ги познаваат правилата за пребарување и откривање на повредените (затрупаните или поплавените) како и можни жртви.
Овој тим треба да биде опремен со алати за барање и расчистување со средства за спасување и извлекување.

Главните задачи на овој тим се спроведуваат во две фази:

**I.Пред природната катастофа**

- Превземање на мерки и активности за заштита од уривање или поплава
- Учество во набавка на опремата за откривање, пребарување,
- расчистување и извлекување

**II.. После природната катастрофа**

- Врши прегледување на објектот и урнатините,постапува според планот
- Ги проверува сите простории во објектот
- Пронао|а затрупани, поплавени го известува тимот за прва медицинска помош и ги извлекува затрупаните т.е поплавените
- Го известува Оперативниот штаб за оштетувањето на објектот
- Врши заштита (осигурување) на оштетени деловиод зградата

***Тим за против пожарна заштита и одржување***

Тимот го сочинуваат:

1.Љупчо Андовски
2.Тоше Трајковски
3.Дарко Димитријевиќ

Оваа екипа (тим) е една од најзначајните и претставува основна сила за заштита при определена природна катастрофа т.е хаварија. Носителите на активностите треба да се обучени и увежбани за користење на разни видови ПП апарати за гасење пожар, да бидат обучени да ја исклучат струјата, водата, парното греење и да ги отстранат можните средства и опрема како можни ризици.

Главни задачи на овој тим се:

I.**Пред природната катастрофа**

- Запознавање и обука на вработените со основните правила на П.П.З
- Запознавање со материјалните средства со кои располага училиштето и на кои места се наоѓаат
- Ги одржува и употребува во случај на пожар
- Го проверува функционирањето на инсталациите во објектот
- Се грижи за материјалните ресурси

II.**После природната катастрофа**

- Гаси и локализира пожари
- Проверува во каква состојба се инсталациите
- Ги исклучува сите инсталации
- Учествува во спасување на учениците и останатите вработени
- Го известува оперативниот штаб за можни последици од одредени експлозии
- Го контролира и по потреба ја известува противпожарната бригада

***Тим за комуникација и обезбедување***

Тимот го сочинуваат:

1.Директор
2.Секретар
3.Хаусмајстор

Тимот треба да ги познава опасностите и последиците во училиштето и надвор од него.Тимот треба успешно да раководи со сите активности , да ги координира активностите со локалната самоуправа и родителите

Главни задачи на тимот се :

**I. Пред природна катастрофа**

-Да планира и определува кога и како учениците безбедно да го напуштат објектот
- Ги запознава родителите
- Ги проверува сите можности за комуникација со локалната самоуправа и со родителите.

**II. После природната катастрофа**

- Стапува во контакт со надлежните органи и локална самоуправа
- Ги информира родителите
- Се обезбедува објектот
- Се контролира влезот во објектот

***Тим за евакуација***

Тимот го сочинуваат:

1.Сузана Апостолова
2.Даниела Ристовска
3.Александра Атанасовска Крстевска
4.Елизабета Јовановска

**Цел на екипата:**

Преместување на учениците и вработените на безбедно место
Активности пред природната непогода

- Изготвување план за евакуација
- Дефинирање правци за евакуација (примарни и секундарни)
- Одредување на безбедно место ( локација)
- Одредување на локација за материјалните добра (ресурси)

Активности по природната непогода

- Ги определува правците на движење
- Врши проверка за безбедноста на правците на движење
- Стручните соработници ги запознаваат учениците заприродната катастрофа (појава) и со последицитеод природната катастрофа и појава

Изготвиле: Љупчо Андовски, Тоше Трајковски, Елена Панева

*Прилог 34*

## ***Распоред на дежурни наставници-предметна настава***

| | | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | приземје - коцка | Славица Трипуноска Маја Крстевска | ЛилјанаТрајкова/ Розета Филькова/ Благица Илијевска. | Александар Каровски/ Бобан В. | Јулујана Печевска/ Слободанка Босотова | Ана Ристовска/ Марија Лефковска |
| 2 | I спрат - коцка | Емилија Божиновска | Татјана Арсова/ Благица Јованова | Билјана Ристоска | Олга Добревска | Магдалена Јанковска |
| 3 | I спрат - ходник | Тоше Трајковски | Валентина Соколова/ Анита Серафимова | Благица Блажеска | Софија Петроска Даниела Денковска | Милка Златковска |
| 4 | II спрат - ходник | Владанка Михајловска/ Даниела Димишковска | Олгица Ристовска | Марина Грамова | Даниела Моневска | Даниела Димишковска/ Владанка Михајловска |
| 5 | спој | Виолета Радулова/ Даниела Ристеска | Моника Трајковска. /Дарко Димитриевиќ/ Бојана Митевска | Лилјана С./ Јосиф Шапкалиевски | Марина Јаковиќ/ Гордана М. | Лила С../ Тања Георгиева |

## *Распоред на дежурни наставници-одделенска настава*

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Прв ходник | Љубинка С.Петрушева<br>Ангелина Трајковска | Анета Трајкова<br>Радица Стоилковска | Јордан Петрушевски<br>Руменка Дејанова | Тања Гигова<br>Ивана С.Спасиќ | Дневен престој |
| Втор ходник | Елена Боневска<br>Елена Панева | Сузана Апостолова<br>Елизабета Каранфилова | Марлена Најдовска<br>Андријана Стефановска | Славица Стојановска<br>Анета Младеновска | Анита Костадинова |
| Спој | Гордана Мацкова<br>Марина Јаковиќ | Валентина Николовска<br>Дарко Димитриевиќ<br>Даниела Ристеска | Бојана Митевска<br>Јосиф Шапкалиевски<br>Благица Блажевска | Јосиф Шапкалиевски<br>Виолета Радулова<br>Бојана Митевска | Лила Стојковска<br>Тања Горгиева |
| Коцка приземје | Тоше Трајковски<br>Славица Трипуноска<br>Маја Крстеска | Розета Филькова<br>Благица Илијевска | Александар Каровски<br>Ана Ристовска<br>Марија Лефковска | Слободанка Басотова<br>Јулијана Печевска<br>Марјан Трајковски | Марјан Трајковски<br>Слободанка Басотова<br>Лилјана Трајкова |

*Прилог 35*

## *План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето*

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 21 Септември - Меѓународен ден  мирот-во соработка со Меѓаши | Изработка на дрво од рециклирачки материјали | Одговорни наставници и учениците | септември | Развивање на свест за почитување на различностите<br>Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите |
| Поттикнување на учениците за собирање на идеи за естетско уредување на училиштето | Мурал со бои | Наставниците и учениците | септември-декември | Естетско уредени училници и ходници во училиштето<br>Поттикнување на креативното изразување кај учениците |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање | Одговорни наставници и учениците | октомври , март | Развиена еколошка свест кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21 Март-Ден на екологијата | Работилници по сопствена идеја на наставникот во рамките на своето одделение со еколошки мотиви со цел изработка на дигитални колажи од страна на учениците | Наставниците и учениците | февруари,<br>до крај на учебна година | Развивање свест, љубов и креативност на учениците за дигитална писменост |
| 22 Март-Светски ден на водата | Мурал со капачиња | Наставниците и учениците | февруари,март | Развивање на свеста кај учениците за значењето на водата |
| Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците и учениците | На почетокот и во текот на целата учебна година | Одбележани значајни датуми и поводи |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Поттикнување на учениците за творење | Одговорни наставници<br>ученици | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Естетско уредени училници и ходници во училиштето<br>Развиени естетски вредности кај учениците |
| Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието | Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците | Наставници<br>Ученици<br>родители | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите<br>Развиени претприемачки вештини |

***Критериуми за успех*** – естетски уреден ентериер и опкружување

***Инструменти*** –анкетни прашалници за родителите и учениците

***Индикатор за успешност*** – записници од увиди на инспекторите од МОН и Секторот за образование при Гази Баба, позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница

***Одговорен за следење*** – директор, тим за еколошка едукација и тим за естетско уредување на училиштето

***Повратна информација***

- естетско уредени училници и ходници во училиштето;
- развиени естетски вредности кај учениците;
- функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето;
- развиена еколошка свест и претприемнички вештини кај учениците

*Прилог 36*

## *Правилник за однесувањето на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)*

Правилникот за однесување на учениците, родителите и наставниците ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што сите учесници во воспитно- образовниот процес имаат можност постојано да ги проследуваат и да се потсетуваат на истите.
Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своитеправа и одговорности.

### *ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ*

**Ученикот треба:**

- навреме и редовно да доаѓа на настава;
- да се грижи за училишниот инвентар (клупите, компјутерите, столчињата и сл.);
- да се грижи за хигиената во училиштето (училниците, тоалетите и ходниците), училишниот двор и блиската околина;
- да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- да доаѓа уреден;
- на часовите внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;
- да доаѓа на училиште пристојно облечен;
- секогаш и секаде да внимава на својот речник и јазик, кој треба да е литературен, јасен и пристоен;
- да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- да помага на помалку успешните ученици;
- да биде одговорен, да се однесува примерно и да се изградува во личност во која секој ќе може да има доверба;
- да се грижи и да придонесува во градењето на позитивни односи со сите ученици врз основа на другарството;
- да го исклучи својот мобилен телефон за време на часовите;

- да не носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- да го отпоздрави наставникот кога ќе влезе во училница;
- за време на часот да не излегува во тоалет;
- да не вика по ходниците, да не трча и да се придржува кон правилата на однесување;
- ако во дворот види отпад да го фрли во корпа за отпадоци;
- да влезе во училницата штом го слушне ѕвончето;
- да внимава на своето однесување и да не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- да им се обраќа со ВИЕ на возрасните;
- да користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- да поздравува со добро утро, добар ден и до видување;
- да не користи вулгарни зборови кога комуницира;
- да не носи предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;
- да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- да не ги потценува способностите на своите соученици;
- како повозрасен да се однесува коректно кон помалите;
- го сослуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;
- да ги почитува различните од себе;
- да биде искрен со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите постапки;
- да не се затвора во свое „друштво“, туку да пронајде време и за оние кои не припаѓаат на неговото „друштво“;
- редовно да ги информира родителите за случувањата во училиштето;
- задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

**Дежурниот ученик треба:**

